**Фондација Конрад Аденауер**
ул. Ристо Равановски 8
МК – 1000 Скопје
тел.: +389 2 3217 075
skopje@kas.de
kas.de/nordmazedonien

**Институт за Политички истражувања-Скопје**
ул. Багдадска 15/11
МК – 1000 Скопје
тел: +389 2 3078 319
www.ipis.org.mk

**„Религија.мк“ Молитвеник за информации**
бул. АСНОМ 22/39
МК – 1000 Скопје
religija.mk@gmail.com
www.religija.mk

ISBN 978-608-4648-62-8

ИПИС
ИНСТИТУТ ЗА ПОЛИТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА

Religija.mk

KONRAD ADENAUER STIFTUNG

# РЕЛИГИЈАТА ВО МУЛТИКОНФЕСИОНАЛНИ ОПШТЕСТВА

## -вредности и убедувања-

Владимир Божиновски
Марјан Николовски

www.kas.de

# РЕЛИГИЈАТА ВО МУЛТИКОНФЕСИОНАЛНИ ОПШТЕСТВА

*-вредности и убедувања-*

**Владимир Божиновски**

со вовед на **Марјан Николовски**

# ИМПРЕСУМ

**Наслов:**
РЕЛИГИЈАТА ВО МУЛТИКОНФЕСИОНАЛНИ ОПШТЕСТВА
-вредности и убедувања-

**Издавач:**
Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија

**Автори:**
Владимир Божиновски
Марјан Николовски

**Рецензенти:**
проф. д-р. Тања Каракамишева-Јовановска
проф. д-р. Александар Спасеновски

**Координација:**
Даниел Браун
Роберт Јанев

**Компјутерска подготовка и печат:**
Винсент Графика ДОО Скопје

**Тираж:**
40 примероци

**Публикацијата може бесплатно да се преземе на:**
http://www.kas.de/mazedonien/mk/

**Напомена:**

Оваа публикација на Фондацијата Конрад Аденауер служи само за информативни цели. Истата не смее да се употребува во рамки на изборни кампањи. Ставовите и заклучоците во оваа публикација им припаѓаат на самите автори и на никаков начин не ги рефлектираат ставовите и заклучоците на Фондацијата Конрад Аденауер.

# СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР....................4
РЕЦЕНЗИЈА....................5
RELIGION IN MULTICONFESSIONAL SOCIETIES
-Values and Beliefs-....................7
ВОВЕД....................10
РЕЛИГИЈАТА ВО МУЛТИКОНФЕСИОНАЛНИ ОПШТЕСТВА
-вредности и убедувања-....................26
Користена методологија....................27
Истражувања и анализа....................28
Религиски, морални и етички вредности кај младите....................28
Верските права и слободи и европските перспективи....................42
Религија и пандемијата на коронавирус....................48
Употреба на Религијата во политички кампањи-компаративна анализа......59
Перцепции за МПЦ-ОА....................69
Заклучни согледувања од истражувањата....................77
Религиски, морални и етички вредности кај младите....................77
Верските права и слободи и европските перспективи....................79
Религија и пандемијата на коронавирус....................80
Употреба на Религијата во политички кампањи-компаративна анализа......81
Перцепции за МПЦ-ОА....................83
ЗАКЛУЧОК....................85

# ПРЕДГОВОР

Северна Македонија како и целиот регион Западен Балкан се едни од најстарите населени области во Европа. Историјата во последните илјадници години ја испишаа многу народи и култури и денес таа е дел од богатото културно наследство на Северна Македонија. Притоа значајна карактеристика за регионот отсекогаш претставуваше соживотот на различните народи, култури и религии. Во Северна Македонија ова наследство особено се отсликува и во религијата. Православните христијани, муслиманите, евреите, католиците и протестантите ја нарекуваат оваа земја своја татковина.  Поинаку отколку во општествата со доселеничка култура на земјите од Западна Европа и Северна Америка оваа разноликост не е резултат на мигрантски движења од поновата историја, туку долго негувана историска реалност. Човештвото од многу примери низ историјата има искусено дека оваа историја на културна разноликост за жал е обременета и со предрасуди, конфликти и војни, кои се истовремено и дел од историското сеќавање, што неретко се провлекува и во сегашноста. Но, дали всушност религијата е дел од нашиот живот, што мора да не разделува и да ги зајакнува конфликтите? Сите религии сметаат дека допринесуваат за личното спознание на верниците, дека го слават животот преку традицијата, дека се извор на сила и утеха и не помалку важно на вредности и толеранција. Ова секогаш треба да се истакне кога зборуваме за сличности и разлики.

Поттикнувањето на дијалогот меѓу религиите и луѓето и укажување на сличностите е цел на која Фондацијата Конрад Аденауер е посветена во последните дваесет години во рамките на меѓурелигискиот дијалог. Се радувам што имам можност да го претставам ова истражување на нашите партнери, чие предмет на анализа се религиозните вредности и гледиштата на граѓаните во Северна Македонија. Тоа претставува важен допринос за меѓурелигиското разбирање и толеранција, како и преиспитување на религиозното самоподразбирање на верниците во земјата. Мултиетничка и мултирелигиозна земја како Северна Македонија има придобивки од ваков меѓурелигиозен дијалог, за да заеднички можеме да ги надминеме идните предизвици. Срдечно ве поканувам да уживате во оваа анализа и се надевам дека ќе успееме да го пробудиме вашиот интерес за работата на Фондацијата Конрад Аденауер во Северна Македонија.

Даниел Браун  
Официјален претставник  
Фондација Конрад Аденауер  
канцеларија во Северна Македонија

# РЕЦЕНЗИЈА

Република Северна Македонија нема верски хомогено општество. Оттаму, повеќе од јасно е дека од стекнувањето на својата независност до денес, во државата идеолошко-политичките столбови што го определуваат македонскиот модел на секуларизам не секогаш функционираат во потполна хармонија. Овој заклучок може да се изведе од карактерот на правните прописи што биле донесувани во оваа област, а чиј карактер во голема мера бил условен и од идеолошките позиции на владеачките партии во државата.

Публикацијата „Религијата во мултиконфесионалните општества – вредности и убедувања" на еден квантитативен, мерлив начин успева на јавноста да ѝ го долови тоа што теоријата воопштено го има детектирано. Имено, преку јасно дефинирани хипотези и прашања, авторот аналитички прецизно ја расветлил оваа значајна област.

Во услови на сé поголема присутност на религијата во општеството (наспроти инерцијата од социјалистичкиот атеизам присутен во претходниот систем), истражувањата на односите помеѓу религијата и државата претставуваат драгоцен извор кој фрла светлина врз определувањето на карактерот на македонскиот модел на секуларизам.

Бројните статистички податоци присутни во ова дело, а поврзани со анализа на разните аспекти од верскиот (со)живот на граѓаните, сосема успешно се синтетизирани во пет клучни заклучока:

1. Северна Македонија е изразено религиозна држава со огромен процент на религиозно, но и суеверно население;
2. Младите луѓе имаат слични ставови за религиозноста како и повозрасните граѓани на државата;
3. Не постојат разлики во однос на поддршката на европските интеграции на државата без разлика на религиската припадност на населението;
4. Недвосмислена е поддршката на православните христијани во однос на залагањата на Македонската православна црква – Охридска архиепископија за стекнување на автокефален статус;
5. Методолошките синтетизирања овозможуваат да се добие јасна слика за дел од нијансите што ја определуваат смислата на овој комплексен свет на релации помеѓу верските заедници и демократската држава;

Како универзитетски професори кои професионално, меѓу другото, продлабочено се занимаваме и со прашањата поврзани со религијата, верата и граѓанските слободи кои произлегуваат од нив,  активно го проучуваме односот помеѓу правото, политиката и религијата и сме автори на првиот универзитетски учебник на оваа тема со наслов „Право и религија“, издаден во 2020 година, со задоволство го препорачуваме овој труд на пошироката јавност со цел стекнување повеќе информации и релевантни податоци за функционирањето на македонскиот модел на секуларизам.

проф. д-р Тања Каракамишева Јовановска
Правен Факултет „Јустинијан Први“ – Скопје

проф. д-р Александар Спасеновски
Правен Факултет „Јустинијан Први“ – Скопје

# RELIGION IN MULTICONFESSIONAL SOCIETIES
## -Values and Beliefs-

This is the second analysis based on five public opinion surveys in the Republic of North Macedonia, which were conducted by the Institute for Political Research from Skopje (IPIS) and the specialized internet portal, the first prayer book for informations “religija.mk” in partnership with the Konrad Adenauer Foundation (KAS).

Recognizing the need for wider informations regarding citizen’s perception related to religion, religiosity, religious affiliation and state relations with religious institutions in 2016 the project “Macedonia as a multiconfessional society”, today “Republic of North Macedonia as a multiconfessional society” started with its implementation, aimed to form a basic picture of the public and the public opinion primarily about religious tolerance and coexistence. As the project grew, so did the interest and the need for sporadic research, which in one way or another are addressing or are intertwined in the relation religion-religious institutions-believers-society-state.

All the surveys lead to a single goal and it is related to the concept of a multi-religious state. That concept which is in many ways appropriate for the Macedonian circumstances, given the fact that multiconfessionality from both historical and contemporary perspective is an important characteristic of Macedonian society that influences the processes and shapes the development of the country. If properly implemented, the concept of a multi-religious state can be a significant cohesive force among citizens of different religions, but in the event of mis-implementation, or abuse and segmentation of society on a religious basis, multiconffesionalism can become a source of conflict, even in a society like North Macedonia where there is a long tradition of coexistence between many religions.

This book contains five new surveys, which in addition with the first five surveys from the first book, provide a basic database that can serve as an informative and orienting element for scientific research, analysis, but also as a kind of orientation line for the religious communities in terms of creating and implementing their policies in relation to society and to the believers.

The analysis includes surveys and analysis (based on the results of that research) of a number of social processes in which that focus on researching the degree of influence of religion and religious beliefs. The basic idea behind this project is,

through analysis of public perceptions and attitudes towards religion, as well as their role in the Macedonian multiconfessional society, to initiate a public debate about raising awereness of these issues, which would lead to future changes and advancement of the relations in this sphere, and thus in society itself.

Many times so far in our surveys and analysis we emphasize the specific model of multicultural and multiethnic society in R.N. Macedonia, which is basically a society that functions under the principle of intertwining multietnicity and multireligousness. This practically means that belonging to a certain ethnic community in most of the cases means belonging to a certain religion affiliation of that community. Most Macedonians are Orthodox Christians and Albanians are Muslims. It is the religious aspect that is extremely sensitive. Reffering to the first and basic analysis, we have a clear picture for prevention, because ethnic conflicts can easily be transformed into religious conflicts, which is an extremely dangerous situation for such structured society.

One of the ways to prevent such condition is by constantly upgrading the principle of respect between the religions. It is a process that esentialy connected with the insitutuons in the state that organize the religious life and the religious needs of the believers.

Even do western societies function as societies in which the religious affiliation is brought to a level of secularism in which that characteristic of individuals is basically individual, still the Macedonian model of society, probably due to the public awereness about democracy when compared with the rest of the countries of Western Europe, is a society in which the religious affiliation in addition to individual, has a high degree of identification with collectivities , or in our case, identification with ethnicity. That compoment can not be easily and quickly brought to the individual level of the person as in other societies, and it is nessesary to build measures that will mean respect between the religions, such as bypassing and preventing the escalation of religious conflicts.

There is a very small awareness in the Macedonian public sphere about the values of religions and very little is known about the the one that is different from oneself, which according to sociological analysis is one of the reason for generating some fear, which in turn is used as a defence mechanism. In this context, the surveys that are conducted in this project are often wide and cover segments of different angles, in order to provide the best public picture about religiousness and the direction in which it grows or should grow.

In this analysis we offer the perceptions of the public related to religion, belivers, religious communities and politics, political campaigns, then the same perception but targeted towards the young population in terms R.N. Macedonia euro-integrative process and European values. We have included a specific survey regarding religious moral of young people, as well as the inevitable topis from the pandemic 2020/2021 in which we concentrate on the role of religion and faith in pandemics. It is a unique public opinion survey that detected perceptions at the height of the pandemic.

Considering that the role of some of the religious communities especially the MOC-OA in the Macedonian society, which has its own challenges in the Orthodox world, is essential, in 2020 we conducted the first survey targeting these challenges, and it showed interesting data for analysis.

# ВОВЕД

Почитувани пред вас ја имате втората збирна анализа на пет истражувања на јавното мисење во Република Северна Македонија, што изминативе години го спроведуваат Институтот за политички истражувања од Скопје (ИПИС) и специјализираниот интернет портал, прв молитвеник за информациии „religija.mk“ во партнерство со Фондацијата „Конрад Аденауер„ (КАС).

Водејќи се од потребата за што поширокi информации за перцепцијата на граѓаните поврзани со религијата, религиозноста, верската припадност и односите на државата со верските институции во 2016 година почна проектот „Македонија како мултиконфесионално општество“, денес „Република Северна Македонија како мултиконфесионално општество“, кој имаше за цел да оформи една базична слика за јавноста и јавното мислење пред се околу меѓуверската толеранција и соживот. Како што растеше проектот, така растеше и интересот и потребата за спорадични истражувања, кои на еден, или на друг начин допираат, или се испреплетени на релација религија-верски институции-верници-општество-држава.

Сите овие истражувања водат кон една единствена цел а таа е поврзана со концептот на мулти-религиска држава. Тој концепт кој во многу нешта е соодветен за македонските прилики, а со оглед дека мулти-конфесионалноста и од историски, но и од современ аспект претставува значајна карактеристика на македонското општество која влијае врз процесите и го обликува развојот на државата. Доколку се имплементира правилно, концептот на мулти-религиска држава може да биде значајна кохезивна сила помеѓу граѓаните со различна вероисповест, но во случај на погрешна имплементација, или злоупотреба и сегментирање на општеството на религиска основа, мулти-конфесионалноста може да прерасне во извор на конфликти, дури и во општества како Северна Македонија каде има долга традиција на соживот помеѓу повеќе религии.

Во оваа книга се поместени пет нови истражувања, кои заедно со петте од првата книга даваат основна база на податоци кои можат да служат како информативен и ориентационен елемент за научни истражувања, анализи, но и како своевидна ориентациона линија за самите верски заедници во поглед на креирање и спроведување на нивните политики на релација со општеството и со самите верници.

Анализата вклучува истражувања и анализи (кои се базирани на резултатите од тие истражувања) на повеќе општествени процеси во кои се испитува степенот на влијанието на религијата и религиозните убедувања. Основната идеја која стои зад овој проект е преку анализа на јавните перцепции и ставови кон религијата, како и нивната улога во македонското мулти-конфесионално општество, да се иницираат и јавни дебати со цел да се подигне јавната свест кон овие прашања, што би довело и до идни промени и унапредување на односите во оваа сфера, а со тоа и во самото општество.

Многупати досега во нашите истражувања и анализи е потенциран специфичниот модел на мултикултурно и мултиетничко општество во Р.С. Македонија, кој во основа е општество кое функционира по принципот на поклопување на мутиетничноста и мултирелигиозноста. Тоа практично значи дека етничката припадност на една етничка заедница во најголем број случаи се поклопува со верската припадност на таа заедница. Повеќето македонци се православни христијани а албанците, муслимани. Токму ваквиот религиски и верски аспект е исклучително сензитивен и чувствителен. Во базичните појдовни анализи на овие истражувања е јасната слика за превенција, бидејќи етничките конфликти лесно можат да се трансформираат и во верски конфликти, што пак за ваква структуираност на едно општество е исклучително опасна состојба.

Еден од начините како да се превенира таквата состојба е постојано да се надградува принципот на меѓуверско почитување. Тоа е процес кој во основа мора да оди и директно е врзан со институциите во државата кои го организираат верскиот живот и религиските потреби на верниците.

Иако западните општества фукционираат како општества во кои верската припадност, религискиот аспект е доведен до ниво на секуларност во кое таа карактеристика на личностите е во основа индивидуална, сепак македонскиот модел на општество, веројатно и поради степенот на развој на свеста за демократија во споредба со останатите држави од Западна Европа, е општество во кое верската определба освен индивидуална има и голем степен на поистоветување со колективитетите, во нашиот случај, поистоветување со етничката припадност. И таа компонента не може лесно и брзо да се доведе на индивидиуално ниво на личноста како што е тоа во други општества, затоа неопходно е да се градат мерки кои ќе значат меѓуверска почит, како бајпасирање и превенција од разгорување на верски конфликти.

Во македонската јавност многу малку се зборува за вредностите на религиите. Многу малку се знае за различниот од себе, што пак според социолошките анализи е една од причината за генерирање на некаков страв, кој пак се

користи како одбранбен механизам.  Во тој контекст истражувањата кои се вршат преку овој проект честопати се широкопојасни и опфаќаат сегменти на различни агли, со цел да се обезбеди што поголема јавна слика за религиозноста и прваците во кои таа се развива, или би требало да се развива.

Сега во оваа анализа нудиме перцепции на јавноста за односите на религијата, верниците, верските заедници и политиката, политичките кампањи, потоа иста ваква перцепција, но таргетирана на младата популација во поглед на евро-интегративните процеси на Република Северна Македонија и европските вредности. Исто така овде е поместено и едно специфично истражување околу религискиот морал на младите, како и неизбежната тема од пандемиската 2020/2021 година во која акцент е ставен на улогата на религијата и верата во пандемии. Тоа е едно уникатно истражување на јавното мислење кое детектираше перцепции токму во екот на пандемијата.

Сметајќи дека е од суштинско значење улогата на поедини верски заедници, особено на МПЦ-ОА во македонското општество, која пак се соочува со свои предизвици во православниот свет, во 2020 година беше спроведено првото таргетирано истражување на јавното мисење токму околу овие предизвици, што покажа интересни податоци за анализи.

## Религиски, морални и етички вредности кај младите

Во Северна Македонија многу малку се посветува внимание на социолошки и научни истражувања кои се насочени кон испитувања на јавното мислење на прашања кои ги тангираат верските чувства, припадноста, правата и слободи на вероисповест на граѓаните и од тие причини овој проект на „КАС“, „Религија.мк“ и „ИПИС“ има голема важност и претставува еден барометар на перцепцијата на граѓаните за овие прашања.

Во тој контекст истражувањето, насловено „Религиски, морални, општествено-политички вредности кај младите“ претставуваше специјализиран пристап и имаше за цел да ја отслика перцепцијата на младите во државата за религијата и нејзината улога во мултиконфесионалните општества. Вниманието е посветено на младата популација на државата како еден од прогресивните сегменти на општествата и во него беа опфатени само младите.

Анализите покажуваа дека ваков тип на истражувања недостасуваат во македонското општество, но тие можат да бидат своевиден добар показател

на размислувањето на младите. Во јавноста немаше точни податоци за тоа колку од младите се религиозни, како ја градат сликата за религијата, колку нивната национална припадност се поклопува со верската. Во тој контекст една таква анализа беше неопходна затоа што многу често младите се наоѓаат во улога на главни или споредни актери во процеси кои можат да имаат сериозен одраз врз јавната свест, а се поврзани или со политички или со религиски тематики.

Ова истражување отвори еден поглед и овозможи едни базични информации за оваа тема, но и сериозен предизвик да се продолжи со анализа и следење на овој тип на перцепција во некои идни истражувања. Во општество во кое населението во висок процент се декларира како религиозно, исклучително важно е да се знае тенденцијата на таквата религиозност, дали во кој правец е насочена, во смисла на превенција и спречување на конфликти. Дали таа религиозност е основа за градење стереотипи и предрасуди преку нејзина политизација, или е насочена кон вистински религиски вредности за меѓусебна почит и толеранција. За ова е особено важно да се има јасна слика на таквата религиозност кај младите, затоа што тие се најдинамичниот и најенергичниот дел од населението, кој лесно може да биде подложен на политички манипулации.

Друг важен аспект кој го откри ова истражување е насоката на движење на младите, право пропорционално или обратно пропорционално со развојот на религиските учења, по независноста на државата и демократските процеси.

Од 1990 година религијата во македонското општество добива димензија на брз развој, пред се на традиционалните монотеистички учења, но и на развој на други верски учења. Тој развој со себе инкорпорираше се повеќе граѓани кои се декларираа како припадници на една, или на друга религија. Интересен е да се види трендот на младите врз основа на возраста, образованието, местото на живеење во тој процес на религиска определба.

Од друга страна ова истражување ќе им помогне и на самите верски заедници да ја доловат сликата за ставовите што младите ги имаат кон нив и нивните активности. Ќе можат да имаат реална претстава на тоа дали и колку младите се блиску до верата, или пак дали и колку тие се разидуваат со верските заедници. Тоа е добра можност и за самите верски заедници да градат анализи како да останат блиску до младата популација во државата.

Целта беше преку серија прашања да се добие една слика што и како младите гледаат на религијата, нејзините вредности, нивната улога во општестве-

ните процеси, нивните ставови за одредени прашања кои се од доменот на верските учења и секако да се испита процентот на млади луѓе за кои религијата игра улога во секојдневниот живот.

Првиот дел од истражувањето беше посветен токму на прашања преку кои треба да се добие слика за процентот на верска определба кај младите, нивната религиозност или не религиозност, како и процентот на млади кои активно или периодично се дел од практикувањето на верата. Во овој дел беа поместен стандардни прашања за верската определба, верувањето во Бог, практикувањето на верата како што е дефинирано согласно верските учења.

Во вториот дел од истражувањето беа поместени прашања преку кои требаше да се види перцепцијата на младите за нивните размислувања околу прашања кои се во делокругот на работата на верските институции. Како на пример прашања поврзани со бракот, улогата на религијата во бракот, разводот, причини за развод, нивните размислувања за морални и не морални активности.

Во овој дел има интересни прашања од кои преку одговорите на младите може да се извлечат заклучоци за нивниот однос кон верските учења, практикувањето на религијата, но и степенот на толерантност. На пример, прашања околу бракот, како тие сфаќаат што е брак, разводот – што за нив е пресудно за развод. Потоа прашања за прељуба, дали и во кој обем би простиле. Вкрстените одговори на овие прашања даваат интересна слика за размислувањата на младите.

Третиот дел од истражувањето беше формулиран преку вкрстени прашања да се добие слика за нивото на општествена одговорност кај младите и нивниот капацитет за соочување со општествени предизвици, кои индиректно се дел од учењата на верските институции. Тука се темите поврзани со односот кон родители, грижа за постари, правичност и односот во семејството. Потоа прашања кои се дел од секојдневието, но преку нив треба да се добие слика за нивото на толерантност, простување или општествена свет кај младите.

Последниот дел од истражувањето беше посветен на перцепцијата на младите кон улогата на верските заедници. Како тие гледаат на тоа кон што и како верските институции треба да се фокусираат. Како и тоа дали младите ја гледаат својата иднина во Северна Македонија, или надвор од нејзе.

**Верските права и слободи и европските перспективи**

Институтот за политички истражувања – Скопје (ИПИС) и интернет порталот Религија.мк, со поддршка на Фондацијата „Конрад Аденауер“ во декември 2019 година го реализира ова истражување на јавното мислење поврзано со перцепцијата на граѓаните за религијата и општеството, во рамки на проектот „Република Северна Македонија како мултиконфесионално општество“.

Главната цел на ова истражување беше да се види тенденцијата на размислувањата на граѓаните во поглед на религиските права и слободи во процесот на интеграција на Р.С. Македонија во Европската Унија, како и познавањата на граѓаните за религијата во земјите членки на Европската Унија.

Во исто време преку ова истражување се прави уште еден обид  да се направи споредба со некои претходни испитувања на јавното мислење околу членството на Република Северна Македонија во Европската Унија.

Процесот на интеграција на државата кон полноправно членство во ЕУ, отвора прашања во општествата пред се околу правата и слободите на вероисповест, како и околу прашањата поврзани со секуларноста и практикувањето на религијата. Тие прашања честопати граѓаните ги поставуваат, особено од општества во кои има висок процент на религиозност кај граѓаните. Некаде тие прашања отвораат и дилеми за некакви стравови за можно губење на религискиот идентитет во големото европско семејство. Таквите стравови честопати можат да создаваат и одбранбени механизми, кои најчесто се манифестираат во отпор кон членство.

Во тој контекст ова истражување требаше да одговори на некои дилеми токму во овој период на предпристапниот процес на Северна Македонија.

Дилемите на кои одговор дава ова прашање се поврзани пред се перцепцијата на граѓаните за почитувањето на верските права и слободи во државата сега и перцепцијата за овие права и слободи како полноправна членка на ЕУ.

Од друга страна пак, ова истражување дава и една слика на тоа колку граѓаните на Р.С.М ја познаваат религиозноста на Европа, на државите членки на ЕУ, нивната перцепција за верската толеранција во европските општества, како и тоа што мислат граѓаните дека би се променило на овој план со членство во ЕУ.

Истражувањето е концепирано на четири дела. Првиот дел е стандардно одржување на континуитет во испитувањето на сите овие јавни мислења поврзани со процентот на религиска припадност на граѓаните во државата.

Вториот дел од истражувањето е посветен на размислувањата на граѓаните за потребата од членство во Европската Унија, со споредбена анализа на овој тренд со други истражувања. Во овој дел од истражувањето се поместени и прашања кои треба да дадат слика за тоа колку граѓаните на С. Македонија ја познаваат религиската карта на Европската Унија. Како што се прашања од типот, дали знаат која е доминантна вероисповест во ЕУ?. Потоа прашања за тоа какви се нивните размислувања околу степенот на остварување на верските права и слободи во земјите членки на ЕУ, а колкав дома,  но и тоа дали очекуваат дека членството во ЕУ ќе донесе повисок степен на верски права и слободи кај граѓаните.

Третиот дел од прашањата во ова истражување беа насочени кон врските на државата со верските заедници и религијата. Граѓаните даваат свои мислења и перцепции за секуларноста на општеството и влијанијата на верските заедници. Односно идејата е да се добие претстава што мислат граѓаните дали членството во ЕУ ќе придонесе кон поголема секуларност на државата и дали ќе го намали, или можеби зголеми, влијанието на верските заедници во државата. Споредбената анализа е изразена низ паралелни прашања за тоа каква е сега секуларноста на државата и какво е сега влијанието на доминантните верски заедници со тоа како очекуваат тоа да биде кога Република Северна Македонија ќе стане полноправна членка во Европската Унија.

Последниот четврти дел од ова истражување беше насочен кон одговори за тоа дали и какви придобивки можат да се очекуваат од членството во ЕУ. Тука се поместени четири конкретни прашања, со цел да се види размислувањето на граѓаните како тие ги перцепираат овие теми. На пример, дали членство во ЕУ ќе може да биде од помош за признавање на МПЦ-ОА, или прашања кои се однесуваат на бенефит за заштитата на верски културни споменици.

## Религија и пандемијата на коронавирус

2020 година беше една од годините со исклучителен светски предизвик. Пандемијата од Ковид 19 се одрази на целокупниот светски тек на животот, а во еден сегмет беше директно рефлектирана и врз религијата и верските чувства на граѓаните.

Светот речиси и да не познава состојба на криза во која верските храмови и верските институции биле ставени во позиција самите да ги затворат верските објекти, или пак строго да го ограничат присуството на верниците во нив.

Во историјата ќе остане забележано дека најголемите христијански празници како Велигден, Божик, но и муслимански Рамазан и Курбан Бајрам, во таа година, во целиот свет се прославуваа без присуство на верници во храмовите, или без масовни прослави. 2020 година ќе биде впишана во историјата како година во која ги немаше препознатливите слики за муслиманите од аџилакот во Светата Земја.

Токму од тие причини, ова истражување на јавното мислење беше фокусирано на практикувањето на религијата во време на пандемиски кризи.

Ова истражување се наметна како корисно и даде добра слика за перцепцијата на верниците околу вакви значајни прашања, особено што пандемиските кризи, мерките за заштита, честопати се судраа со човековите права и слободи, а со тоа и со верските права на граѓаните, но и со верските толкувања за одредени општествени состојби.

Идејата беше да го отслика моментот како верниците и верските заедници во С. Македонија се справуваат со вакви кризи, но и она што е поважно, како верниците ги перцепираат мерките за заштита од една страна, а од друга страна како ги перцепираат одлуките на верските заедници за вакви кризи.

Религијата сама по себе подразбира верба во Бог. Особено таквата верба е манифестирана масовно во кризни ситуации. Оваа ситуација наметна една поинаква реалност, која не соодветсвуваше со навиките и со сфаќањето на голем дел од верниците на она што е суштина на верувањето. Ако инстиктот честопати води до тоа, дека кога некому му е тешко, спасот да го бара во црквите и џамиите, оваа состојба претставуваше судирање со сопствениот инстикт и строгите мерки кои ги трасираат државните власти.

Нашата проценка беше дека тоа отвора серија прашања, од кои можат да прозлезат одлични можности за анализи. Токму затоа ова истражување беше структуирано така за да овозможи еден пресек помеѓу декларативната определба на луѓето за нивна религиска припадност и степен на религиозност, со општествената состојба која воспоставува мерки за заштита, а кои можеби се судираат со перцепцијата на луѓето што значи религијата и нивната верба во Бог.

Идејата на ова истражување беше да се анализираат неколку аспекти. Едниот е пристапот на верските заедници, нивниот однос кон кризата, нивната координираност со здравствените власти и нивниот однос кон верниците во вакви состојби. За таа цел во истражувањето се користеа прашања од кои треба се добијат одговори за моменталната перцепција на верниците за овој

апсект. Одговорите на овие прашања ја дадоа сликата за тоа дели припадниците на верските заедници се согласуваат, или не, со чекорите што државата ги презема за заштитата, од една страни и постапките што верските институции ги прават како процес на усогласување со тие мерки. Верските заедници во С. Македонија можат да носат одлуки во контекст на општествените прилики и да бидат на линија со државните власти, но од голема важност за нив, како верски заедници, е перцепцијата на верниците дали и до кој степен тоа го одобруваат.

Другиот аспект на истражувањето беше перцепцијата на верниците кон кризата и кон практикувањето на религијата во услови на пандемија. Ова е многу важен аспект, од кој можат да се обезбедат важни насоки кои можат да послужат како инструмент за дополнителни анализи. Верниците се соочени со стравот за сопственото здравје од една страна и верувањето што ги имаат како догма на својата религија. Честопати вакви состојби претставуваат силен судир во помислата што е правилно, а што не. Ако религијата и вербата е спас од злото, дали оддалечувањето од и редуцирањето на верските опбреди, е вистинското решение? Токму оваа дилема беше пресудна во овој дел од истражувањето, за да се добие една реална слика на перцепцијата на граѓаните. Дали тие би се откажале да го посетат храмот на својата вера, со цел да се заштитат од ширењето на вирусот кој може да се одрази на нивното здравје. Што е вистинската вера, е клучното прашање во овој аспект на истражувањето.

И третиот аспект во ова истражување беше можност да се долови перцепцијата на верниците кон самата појава на вирусот, како и евентуалните последици во поглед на општата свест. Во свет на интернет можности, во свет на многи половични и квази информации, во свет на секојдневни лажни вести, како луѓето ја перцепираат целокупната состојба со Ковид19?

Од друга страна во овој аспект на истражувањето се доби и уште еден агол на перцепцијата на грѓаните, а тоа е поставеноста на верските институции кон вакви кризни состојби на пандемија. Иако основната цел на постоењето на верските заедници е да бидат молитвен и литургиски стожар на луѓето, односно да ја извршуваат онаа црковна димензија на фукнционирње, сепак важна е перцепцијата на граѓаните за тоа дали и колку верските заедници во вакви состојби можат да бидат хумани, општествено одговорни и како да бидат на нивото на општата свест за демонстрирање на помош, онаму каде што е потребно.

**Употреба на религијата во политички кампањи**

Улогата на религијата во политиката и пристапот на партиите кон верските заедници, беше тематскиот аспект на истражувањето кое се наметна како продолжение на истражувањето од ноември 2017 година, насловено „Религија и политички кампањи“, а во контекст на последните предвремени парламентарни избори во Северна Македонија.

Станува збор за компаративно истражување преку кое може да се следат промените на расположението на граѓаните за перцепцијата на религијата и политиката. Истражувањето беше подготвувано во периодот на предизборната кампања, но реализирано непосредно по завршувањето на изборите, кога се уште е свежа меморијата на граѓаните од активностите на политичките партии, политичарите во контекст на верските и религиските прашања.

Овие предвремени парламентарни избори беа по разни аспекти специфични, меѓу кои и првата предизборна коалиција на македонски и албански политички субјекти, но и учество на политички субјекти кои во својата реторика честопати користеа религиска терминологија. Верските заедници исто така на индиректен начин беа во доменот на интересот и на политичарите и на партиите, иако во споредба со други изборни циклуси, верските претставниците не беа многу активни, со исклучок на поединци кои користејќи ги социјалните медиуми поддржува, коментира, или критикуваа одредени политички платформи и настапи на политичари.

Главната цел на ова истражување беше да се детектира перцепцијата на јавноста низ три аспект во меѓусебната релација на политиката и религијата во мултиконфесионални општества кои по структура и уредување се секуларни, но по практикување и припадност на вериоисповест доминатно религиозни.

Истражувањето беше структуирано низ аспектот на доверба или недоверба на граѓаните во верските заедници, потоа аспектот на нивна перцепција во поглед на улогата на политичарите и партиите во користење или некористење на религијата за политички цели и третиот аспект беше детекција на погледите на јавноста од аспект на влијанието на религиозната припадност, верските заедници и самата религија во политиката.

Во првата група прашања, кои го опфаќаат аспектот на доверба или недоверба на граѓаните во верските заедници, беа структуирани стандарни прашања кои во континуитет ја мерат верската припадност на граѓаните во Се-

верна Македонија, но и прашања кои даваат слика за довербата или недовербата што граѓаните ја имаат кон верските заедници.

Втората група на прашања е малку поширока и таа се однесува на аспектот на перцепцијата на граѓаните во поглед на улогата на политичарите и партиите во користење или некористење на религијата за политички цели. Овде беа таргетирани двете најголеми политички партии ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, како и двете најголеми политички партии во албанскиот кампус, ДУИ и Алијанса за Албанците. Во истражувањето беа внесени и БЕСА, како политички субјект и дел од предизборната коалиција „можеме“, но и Левица, како нова парламентарна партија.

Овој сет на прашања дава одговори за тоа што мислат граѓаните дали и колку политичките партии користеле религија и влијаеле врз религијата, или обратно, за време на политичката кампања.

Во овој аспект на истражувањето граѓаните го искажуваат своето мислење и за уште еден момент, а тоа е религиозноста на поедини политичари и улогата на поединечни партии кон одредени верски заедници. Процентот на религиозност беше мерен кај Зоран Заев, Христијан Мицкоски, Али Ахмети, Зијадин Села, Билал Касами и Димитар Апасиев, што од овој аспект и форма е уникатно истражување на јавноста во Северна Македонија. Целта беше да се детектира перцепцијата на граѓаните околу религиозноста или нерелигиозноста на политичарите и од каде таа произлегува.

Третата група на прашања, која го опфаќа аспектот на погледите на јавноста во поглед на влијанието или невлијанието на религиозната припадност, верските заедници и самата религија во политиката беше акцентирано низ неколку прашања, но вреди да се издвои прашањето: „Дали би гласале за политичар кој има различна вероисповед од вашата?“.

Сите три аспекти на ова истражување беа градени врз испреплетен прашалник од кој може да се добие јасна и прецизна слика на општествено-политичко-религискиот мозаик на државата.

Резултатите од истражувањето побудија голем интерес за анализи и дополнителни истражувања, затоа што честопати можат да бидат спротиставени од едно до друго прашање. Тоа ги отвара дилемите и за автентичноста на убеденоста на граѓание во својата религиозност од една страна и автентичноста на своите ставови во поглед на јавното практикување на верата. Речиси сите досегашни истражувања покажуваат една интересна константа.

Македонското мултиконфесионално општество е религиозно од аспект на декларативност на граѓаните во рамки на просек на најрелигиозни држави во светот. Но, од друга страна истото тоа општество во пракса е типично секуларно општество во кое истите граѓани, декларирани како религиозни верници, бараат дистанцирање на религијата и политиката и не поддржуваат религиско влијание во политичкиот дискурс и во политичкиот активизам.

Но, ваквите позиции на голем процент од мнозинството, не значи и стигматизација на религијата, туку напротив религијата и верските заедници ги сметаат како фактор кој може да обединува и да биде простор за подобро општество.

**Перцепции за МПЦ-ОА-довербата на верниците, релациите со државата, патот до автокефалност**

Македонската православна црква – Охридска Архиепископија, нејзиниот статус во прволавниот свет, внатрешните состојби, односот со државата и прашањето за довербата кај верниците беше темата на ова истражување на јавното мислење во рамки на проектот „Република Северна Македонија како мултиконфесионално општество“, што во континуитет го спроведуваат Институтот за политички истражувања –Скопје (ИПИС) и интернет порталот Религија.мк, со поддршка на Фондацијата „Конрад Аденауер“-КАС.

Станува збор за прво, сеопфатно специјализирано истражување на јавното мислење поврзано со функционирањето на МПЦ-ОА во општеството, но низ призма на перцепцијата на нејзините припадници како верници за суштински прашања со кои таа се соочува.

Ова истражување е особено важно, затоа што опфаќа репрезентативен примерок од испитаници кои директно се поврзани со православната црква, што му дава многу поголема тежина на веродостојност и објективност. Со други зборови оценките и мислењата ги даваат токму нејзините верници, кои се определиле како припадници на православието, во случајот на МПЦ-ОА, или на некоја друга православна црква.

Ваквото, прво специјализрано истражување на јавното мислење во Р.С. Македонија открива исклучително важни информации и може да биде многу важен индикатор за самата МПЦ-ОА, дали и кои постапки и се исправни, дали и колкава доверба има меѓу своите верници, како и индикатор во кој

правец треба да се движи кога станува збор за односот на црквата со сопствените верници.

Ова истражување се наметна како важна потреба да се провери перцепцијата на граѓаните, кои себе си се сметаат за верници-религиозни припадници на православната црква, за многу суштински прашања од живот на МПЦ-ОА. Главниот фокус беше да се детектира мислењето на граѓаните околу централната тема, а тое е прашањето за признавањето на автокефалноста на МПЦ-ОА, процес кој претстои.

Истражувањето беше спроведено во период кога пред Вселенската Патријаршија се наоѓа барањето за апелација поднесено од МПЦ-ОА, но и по писмената коресподенција со Вселенската Патријаршија, во која се вклучи и државниот врв, Претседателот Стево Пендаровски и Премиерот Зоран Заев.

Сметавме дека општиот интерес на јавноста, кој е очигледен низ медиумскиот простор, а особено низ просторот на социјалните медиуми, покажува дека ова прашање е исклучитено сензитивно и може да предизвикува сериозни поларизирања во општеството, и тоа повеќеслојни, од национални до политички. Токму затоа низ методолошки пристап беше потребно да се детектира генералната перцепција, но сметавме дека за да се добие што пореална слика, потребно е интересот да се фокусира само на припадниците на православната црква, бидејќи токму тие се и најзасегнати, а чии евентуални реакции би можеле да значат намалување, или продлабочување на евентуални внатре-црковни проблеми.

Истражувањето беше структуирано низ три аспекти кои меѓусебно се поврзани за да дадат целосна слика, од тоа каков е профилот на православниот верник во Северна Македонија, преку неговата доверба во црквата на која и припаѓа, преку одобрување, или не, за суштинските прашања со кои како предизвици се соочува МПЦ-ОА, па се до неговата оценка за улогата на државата во односите на релацијата црква-држава.

Резултатите од ова истражување откриваат многу интересен профил на православни верници за кои припадноста кон Црквата е многу повеќе од религиска припадност.

Во првиот блок на прашања истражувањето се фокусира на односот и релациите на верниците со сопствената црква. Тоа генерално се прашања поврзани со припадноста, декларативноста, религиозноста и практику-

вањето на религијата кај испитаниците. Во овој сет на прашања беа поместени и оценки на испитаниците за тоа каква е нивната доверба во Црквата како институција, нејзиниот поглавар, но е направено и мерење на довербата што верниците ја имаат кон високиот клир на црквата, односно Владиците кои всушност и ја моделираат и креираат црковната политика на МПЦ-ОА. Ова истражување е редок пример во државата каде е мерена доверба во верски лидери и претставници на верски институции, што пак исто така го прави уникатно.

Вториот дел од истражувањето беше насочен кон прашања кои треба да ја доловат перцепцијата на овие испитаници во поглед на суштинските елементи на истражувањето, односно нивна оценка за актуелните позиции на МПЦ-ОА, исправноста, или неисправноста на нејзините постапки во процесот на нејзино прифаќање во семејството на православните цркви. Исто така и перцепцијата на испитаниците дали треба, или не, МПЦ-ОА да бара формално признавање на нејзината црковна структура.

Овој сет прашања всушност се и таргетот на кој беше насочено истражувањето, што треба да биде особено важно за самите претставници на црквата за правецот во кој се движат и како евентуални нивни одлуки би се рефлектирале врз општата ситуација во државата, но пред се врз функционирањето на самата црква.

Во овој дел од истражувањето за прв пат се поставени некои теми и прашања кои имаат важна улога во понатамошниот процес кој би се одвивал, во случај прашањето за добивање Томос за автокефалност да влезе во процедура преку Вселенската патријаршија.

Третиот слој на истражувањето дава заокружување на перцепцијата на испитаниците во поглед на тоа дали црковното прашање може да се толкува и како прашање од национален интерес, заедно со тоа каква е и дали воопшто во тоа прашање треба да ја има и улогата на државата? Оценките беа дека во општества како македонското, многу е важно да се знае перцепцијата на граѓаните за степенот до кој можат, или треба, да се мешаат претставниците на државата. Колку нивната улога е корисна, а колку штетна.

Ова истражување на јавното мислење ја дава важната слика на перцепцијата на верниците на МПЦ-ОА, и тоа може да биде стратешки важен патоказ за самата црковна хиерархија за детектирање на точките на кои треба да се фокусира во јакнењето на капацитетите за единство на своето црковно ткиво.

Воедно е одлична можност, институциите на системот, научните како и медиумските сфери да имаат појдовна база на информации за основната поставеност на припадниците на православната црква од аспект на личниот нивен однос кон црквата како институција, па се до нивното мислење за стратешките важни чекори на црквата.

***

Сите досегашни истражувања, од кои дел неодамна беа собрани во една анализа и сегашниот втор дел поместен во оваа книга, даваат една целина и тие практично се една алатка за разни истражувања, анализи и споредби на податоци кои можат да се користат во научната и општествената сфера. Тие претставуваат една база за идни споредбени анализи од кои јавноста може да има увид во тенденциите на развој или стагнација на верските прашања во државата.

Во изминативе истражувања фокусот беше насочен на перцепцијата на граѓаните за улогата на религијата и верските институции во неколку сфери од општеството. Почнувајќи од градењето на меѓуверска доверба, почит и толеранција, па преку односот и улогата на религијата во изборните кампањи и политиката, па се до влијанието на религијата во образованиот процес на луѓето и нивното темелно, или површно познавање на сопствената и религијата на различниот од себе.

Овој втор дел дава уште еден агол на мерењето на јавното мислење, во кое има и компаративни моменти од другите истражувања, но и нови хоризонти како што се младите, европските интеграции, предизвиците на верските заедници, предизвиците на религијата.

Сите досегашни истражувања го пробудија интересот и на научната, но и на општествената јавност во Република Северна Македонија и предизвикаа и општествени, но и медиумски дебати.

Структурата која е поставена со овој проект бара негово наградување. Во тој контекст „Religija.mk“, ИПИС – Институтот за политички истражувања – Скопје и нашиот партнер и поддржувач на општествената одговорност за поголемо демократско општество во Северна Македонија, КАС – Фондацијата Конрад Аденауер, во следниот период ќе се фокусираат на два аспекта во овие истражувања. Едниот е компаративна анализа со претходните истражувања, а вториот е социолошкиот пристап и социјалниот елемент на религијата и

верските заедници во општествата. Улогата на религијата во современиот свет, нејзиното место во социјалниот елемент на општествата, може ли религијата да се прилагоди на модерното време. Во сите овие истражувања целна група ќе биде општата популација во државата, но и таргетираните групи на декларирани верници.

**Марјан Николовски**

# РЕЛИГИЈАТА ВО МУЛТИКОНФЕСИОНАЛНИ ОПШТЕСТВА

## -вредности и убедувања-

Во регионални, но и европски рамки, интересот на науката и истражувачите за и околу Северна Македонија е фокусиран пред се на мултиетничките карактеристики на македонското општество. Повеќе истражувања ја анализираат мултиетничката структура и нејзиното влијание на политичките и генерално на општествените процеси, во периодот од осамостојувањето на државата, па се до денес. Во овие анализи честопати се заборава фактот дека освен мултиетничко, македонското општество е и мултирелигиско, што претставува уште една значајна карактеристика која дополнително влијае врз процесите и го обликува развојот на македонското општество. Мултиконфесионалниот аспект на македонското општество е само повремено истражуван и во извесна смисла игнориран.

Концептот на мултирелигиска држава е соодветен за македонските прилики, со оглед дека мултиконфесионалноста и од историски, но и од современ аспект претставува значајна карактеристика на македонското општество која влијае врз процесите и го обликува развојот на државата. Доколку се имплементира правилно, концептот на мултирелигиска држава може да биде значајна кохезивна сила помеѓу граѓаните со различна вероисповест, но во случај на погрешна имплементација или злоупотеба и сегментирање на општеството на религиска основа, мултиконфесионалноста може да прерасне во извор на конфликти, дури и во општество како македонското каде има долга традиција на соживот помеѓу повеќе религии. Со оглед на фокусирање кон мултиетничкиот концепт во изминатите неколку децении, мултирелигискиот аспект на македонското општество е честопати занемарен, иако понекогаш се споменува како одреден импакт фактор, но без притоа сериозно да се анализира степенот на влијание на религијата врз општествените процеси.

Со цел да се добие една генерална слика за влијанието на религијата во македонското општество, Институтот за Политички истражувања од Скопје (ИПИС), заедно со веб-порталот religija.mk и фондацијата Конрад Аденауер (КАС), кон крајот на 2016 година го започнаа проектот *„Македонија како мултиконфесионално општество.“* Проектот вклучува истражувања и анализи (кои се базирани на резултатите од тие истражувања) на повеќе општествени процеси во кои се испитува степенот на влијанието на религијата и религиозните убедувања. Основната идеја која стои зад овој проект е преку анализа на јавните перцепции и ставови кон религијата, како и нивната улога во македонското

мултиконфесионално општество, да се иницира јавна дебата и да се подигне јавната свест кон овие прашања, што би довело и до идни промени и унапредување на односите во оваа сфера, а со тоа и во самото општество.

## Користена методологија

За успешна имплементација на истражувањата, Институтот за политички истражувања од Скопје-ИПИС, како агенција за истражување на јавното мислење која ги спроведуваше телефонските анкети кои беа основа за понатамошните истражувања и анализи, користеше истражувачки техники кои овозможуваат собирање на неопходните податоци во рамки на дадените параметри.

За постигнување на целите на истражувањето, како и за подоцнежна евалуација и анализа на резултатите, се примени квантитативна истражувачка методологија на собирање на податоци, (во овој случај телефонско истражување), која овозможува веродостојно и прецизно скенирање на ставовите на генералната популација. ИПИС има детален преглед на македонските телекомуникациски мрежи и нивната дата база, што овозможува целосна територијална покриеност на националните анкети. За спроведување на истражувањата се користи CATI методот и dual frame sampling model (фиксни и мобилни линии). За време на интервјуата, а со цел да се постигнат високи нивоа на доверба, се користат моделот на случаен избор и анонимност во анкетирањето, кое му е посочено посебно на секој испитаник. За испитанците чиј мајчин јазик не е македонскиот се ангажираат анкетари кои ги говорат јазиците на другите заедници, со цел да се избегне можна јазична бариера во комуникацијата.

Со цел да се задржат високо поставените методолошки стандарди, ИПИС креираше репрезентативен примерок за истражувањата на национално ниво, кој е редовно тестиран и обновуван. Во овој примерок се запазени сите релевантни социо-демографски карактеристики на населението во РМ. Националните анкети се спроведуваат со стратификуфан примерок (во две етапи со случаен избор на испитаникот). Со оглед на спецификите на истражувањето, примерокот е стратификуван согласно регионите и населените места во Северна Македонија. Големината на примерокот се избира согласно потребите на истражувањата, а во десетте спроведени истражувања беа вклучени помеѓу 1015-1140 испитаници постари од 18 години (освен за истражувањето *религиски, морални и етички вредности кај младите*каде беа опфатени 708 испитаници помеѓу 16-35 години), со задржување на генералниот сооднос во поглед на базичните демографски карактеристики како пол,

возраст и професија и образование. Стратификцијата е соодветна со најновите податоци од државниот завод за статистика. Просечната респонзивност во анкетите зависи од самата тема на истражувањео и се движи од 30-65%, а кај овие истражувања беше меѓу 43-55% од добиените соговорници. Маргиналната грешка е помеѓу +/-3% (+/-4% кај *религиски, морални и етички вредности кај младите*) со 95% интервал на веродостојност.

## Истражувања и анализа

Во рамки на проектот Република Северна Македонија како мултиконфесионално општество, во периодот ноември 2016 се до декември 2020 се спроведоа десет истражувања како основа за научна анализа околу перцепциите и меѓусебното влијание помеѓу религијата и државата. Првите пет истражувања (спроведени помеѓу 2016-2018 година) беа објавени во публикација на почетокот на 2019 година. Во оваа втора публикација се поместени следните пет истражувања, спроведени во 2019 и 2020 година. Како и првите пет, и овие истражувања опфатија повеќе теми кои на некој начин ги претставуваат најсензитивните општествени аспекти во кои е можно да постои меѓузависност помеѓу религијата и перцепциите на граѓаните за одредени процеси во општеството или јавни политики и тоа по следниот редослед:

1. *Религиски, морални и етички вредности кај младите*
2. *Верските права и слободи и европските перспективи*
3. *Религија и пандемијата на коронавирус*
4. *Употреба на Религијата во политички кампањи-компаративна анализа*
5. *Перцепции за МПЦ-ОА*

## Религиски, морални и етички вредности кај младите

Темата на ова истражување, спроведено во втората половина на Јуни 2019 година, како дел од проектот „Република Северна Македонија како мултиконфесионално општество“ е ***„Религиски,морални и етички вредности кај младите.“***

Целта на ова истражувањето беше да се утврди перцепцијата на младите во однос на религијата како етичките и морални вредности кои ги застапуваат.

Првиот воведен дел од истражувањето е посветен на перцепцијата за религијата, верската определба како и степенот на религиозност кај младите, вклу-

чително и колкав дел од нив активно или периодично ја практикуваат верата.

Првото прашање беше стандардното ***На која религија и припаѓате***, кое се поставува со цел да се утврди различната религиозна припадност на вкупниот број испитаници. На ова прашање 73% се изјасниле како православни и 23.4% муслимани, додека припадници на други религии биле 0,7% од испитаниците. 2% од испитаниците за себе сметаат дека се атеисти, односно не и припаѓаат на ниту една религија. Сепак, како што беше утврдено и во претходните истражувања, постои разлика помеѓу припадност  и практикување на одредена религија, со оглед дека првото е повеќе перципирано како традиција и наследство, додека второто е личен избор на луѓето кои самостојно одлучуваат дали религијата ќе ја практикуваат или не.




*Графикон 49*

Токму затоа, второто прашање од анкетата беше ***Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на***. На ова прашање високи 47% од младите кажале дека се религиозни и дополнителни 36% изјавиле дека се донекаде религиозни. Како малку или воопшто нерелигиозни се определиле 17% од испитаниците. Кај православните овој процент е 17%, додека кај муслиманите 10%. Овие бројки ја потврдуваат претпоставката произлезена од претходните истражувања, дека *Северна Македонија е религиозна држава вклучително и кога станува збор за помладите генерации и тоа важи како за христијаните, така и за верниците кои се припадници на исламската религија*.




*Графикон 50*

Следното прашање е компатибилно со стандардното прашање кое се поставува во истражувањата на Евробарометар, на ниво на ЕУ, односно ***Дали верувате дека 1. Бог постои како што е напишано во библијата (или куранот за муслимани), 2. Бог не постои, но постои некоја виша сила или Не постои ни Бог ни виша сила.*** На ова прашање 68% се определиле за првата опција, 21% за втората и само 5% за третата опција, односно дека нема ниту Бог, ниту некоја виша сила. Кај православните христијани процентите се 60, кои веруваат во Бог потоа 29 во виша сила и 5% кои не веруваат во ништо, додека кај муслиманите сите изјавиле дека веруваат во Бог. Резултатите на ова прашање кај младите се слични со оние кај генералната популација, додека на европско ниво овие проценти се пониски, *што ја потврдува констатацијата дека македонското општество има висок степен на религиозност, иако тоа е поизразено кај муслиманите, отколку кај православните христијани.*




*Графикон 51*

На прашањето ***Кога последен пат сте биле во црква/џамија***, 20% од младите православни верници изјавиле во текот на минатата недела, 31% во текот на претходниот месец, 29% пред неколку месеци, 8% минатата година и 9% изјавиле дека не одат во црква. Кај муслиманите овие проценти се следствено 25, 25, 7, 8 и 27%. *Овие одговори укажуваат дека значаен дел од младите од двете главни вероисповести, релативно често ги посетуваат верските храмови како еден од сегментите на практикување на религијата.*




*Графикон 52*

Вториот дел од истражувањето се однесуваше на перцепцијата на младите околу нивните размислувања и ставови за прашања кои се однесуваат на нивните морални критериуми од аспект на вредностите кои се директно или индиректно поврзани со религиозните учења.

Прашањето со кои се направи обид да се детектираат моралните и етички нормативи кај младите беше поставено на начин каде тие имаа избор да посочат дали одредени состојби или дејствија кои ги тангираат сите но пред се нив, се прифатливи, донекаде прифатливи, донекаде неприфатливи или целосно неприфатливи. Прашањето гласеше ***што е за вас прифатливо или неприфатливо од следното.*** Како избор им беа понудени девет аспекти или теми од современото живеење кои претставуваат морални одредници поврзани како со религиозните така и со актуелните општествени вредности, а на кои тие требаше да дадат еден од понудените четири одговори, споменати погоре.




*Графикон 53*

На прашањето дали за вас се прифатливи ***предбрачните сексуални односи*** високи 55% одговориле потврдно и дополнителни 15% изјавиле дека тоа е за нив донекаде прифатливо. Од друга страна, ***неверството пред стапување во брак*** е прифатливо само за 8% и за дополнителни 12% донекаде прифатливо. Во однос на ***неверство во брак*** овие проценти се уште пониски, односно само за 2% е прифатливо и за дополнителни 5% донекаде прифатливо.




*Графикон 54*

Во однос на ***употребата на лесни дроги*** која е актуелна тема и во домашни, но и во светски рамки и е предмет на континуирана дебата меѓу противниците и приврзаниците на легализацијата на лесните дроги, испитаниците се релативно конзервативни, со оглед дека само 7% од нив изјавиле дека употребата на лесни дроги е прифатлива и дополнителни 12% донекаде прифатлива. Во однос на ***физичкото насилство*** помалку од еден процент изјавиле дека тоа за нив е прифатливо со дополнителен 1% кои изјавиле донекаде

прифатливо. Кај ***давањето мито за одредена услуга*** предоминантното мислење е дека тоа е неприфатливо, иако кај нас генерално корупцијата, односно давање мито за одредена услуга е релативно широко распространета. Сепак односот на младите во однос на корупцијата е негативен со оглед дека високи 58% изјавиле дека таа е целосно неприфатлива, со дополнителни 19% кои сметаат дека е донекаде неприфатлива како општествена појава. За само 5% давањето мито за услуга е прифатливо.




*Графикон 55*

Во однос на перцепцијата за ***одржување на геј паради*** мислењата се исклучително конзервативни со оглед дека само 10% и дополнителни 12% изјавиле дека за нив тоа е прифатливо односно донекаде прифатливо,следствено. Од друга страна, ***заеднички живот без стапување во брак*** како еден од современите трендови во општеството е прифатлив за 57%, односно донекаде прифатлив за дополнителни 14% иако тоа се коси со одредени религиски начела и општествени традиции. Во однос на ***организирање и учество во игри***

***на среќа*** повторно поголем дел од младите изјавиле дека за нив тоа е прифатливо (40%), односно донекаде прифатливо (22%). Од претходните одговори може да се извлече заклучок *дека генералната перцепција кај младите е почитување на одредени морални критериуми кои се дел и од религиските нормативи, но сепак во одредени случаи свое влијание имаат и современите општествени текови кои понекогаш делумно или целосно се косат со одредени традиции или религиозни начела.*

За разлика од претходното прашање кое имаше за цел да ги детектира моралните и етички нормативи кај младите, следното прашање имаше интенција да го измери степенот на општествена одговорност, но и степенот на апликативност на одредени морални и етички начела кај младите преку преземање одредена директна акција во социјалната или друга општествена сфера. Прашањето гласеше ***дали сте биле вклучени во некои од следниве волонтерски активности*** при што на испитаниците им беа понудени повеќе опции со дихотомни одговори, односно тие имаа можност да одговорат само со *да* и *не,* со оглед дека се испитуваше минат ангажман. Во однос на првата општествено корисна активност која им беше понудена, 17% од испитаниците изјавиле дека биле вклучени како волонтери со цел ***помош на бездомни лица***. Процентот е нешто повисок во однос на следната опција, односно ***помош на стари и изнемоштени лица.*** Имено, 22% од младите изјавиле дека биле вклучени како волонтери со цел помош на постарите граѓани. Во однос на помошта на ***деца без родители,*** 23% изјавиле дека биле вклучени во ваков тип на активност. Ист е процентот на испитаниците кои им помогнале на ***лицата со попреченост,*** додека највисок е процентот (споредено со останатите волонтерски активности) на младите кои биле дел од некоја акција за ***чистење отпад или друг еколошки активизам,*** односно 30% од испитаниците изјавиле дека биле вклучени во ваков тип на волонтерство. Од одговорите на ова прашање може да се заклучи дека *помеѓу 20-30% од младите биле вклучени во некоја волонтерска активност од понудените опции, при што повеќето биле вклучени во барем две различни волонтерски акции. Иако степеност на вклученост на младите во волонтерски активности не е занемарлив, сепак останува фактот дека над половината од нив воопшто не се вклучиле во никаква волонтерска општествено корисна активност досега*.




*Графикон 56*

Следниот сет на прашања се однесуваше на бракот како основен предуслов за создавање на традиционално семејство и клучен фактор на поврзување на индивидуите. Бракот претставува сврзивно ткиво на општеството, но исто така е институција поддржана и поттикнувана од повеќето религии, вклучително и најголемите, односно христијанството и исламот. Целокупноста на моралните и етички нормативи, како и социјално-религиозните начела и воспоставените традиции во општеството може да се пресликаат преку перцепциите за бракот и односот на индивидуалците кон него. *Со оглед дека македонското општество е релативно традиционално и со висок степен на прифаќање на религијата, основната хипотеза која се наметна во однос на перцепциите за бракот е дека тој ќе има силно изразена поддршка помеѓу младите како основа за иден заеднички живот и создавање семејство.*

Претпоставката се потврди со првото прашање од истражувањето, односно 49% од испитаниците одговориле дека ***планираат да стапат во брак*** и

дополнителни 38% веќе се во брак. Само 7% од испитаниците изјавиле дека не планираат да основаат брачна заедница. Во однос на кој тип на брак го преферираат (***граѓански или верски брак***) повеќето или 55% изјавиле дека би стапиле или веќе се и во граѓанска и во верска брачна заедница. 22% се определиле само за граѓански брак, а 9% само за верски брак. Нешто под 5% изјавиле дека би сакале да бидат во неформална брачна заедница.

Со оглед дека претходното прашање беше за перцепциите околу бракот, следното прашање ги стави во фокусот ставовите околу можните причини за раскинување на брачната заедница. Прашањето гласеше ***што е за вас прифатлива причина за развод на брак.*** На испитаниците им беа понудени повеќе можни причини на кои тие одговараа со *да* или *не.*




*Графикон 57*

За 67% од испитаниците ***прељубата*** може да биде оправдана причина за развод на брак. Во уште повисок процент, односно 76% од вкупниот број испитаници, се на став дека ***физичкото насилство*** е оправдана причина за развод и високи 65% исто така се согласуваат дека ***пороци и зависности*** од страна на партнерот можат да бидат причина за развод. Високи 78% го истакнале и ***психичкото насилство*** како причина за развод на бракот што претставува и највисок процент во однос на сите други одговори, слично како и физичкото насилство. Дека ***финансиските проблеми*** во бракот може да бидат прифатлива причина за развод се согласиле 57% од испитаниците и ист

толкав процент сметаат дека ***несогласувањата помеѓу партнерите*** се исто така оправдана причина за ставање крај на брачната заедница. ***Недоразбирања со родителите на партнерот*** можат да доведат до крај на бракот за 37% од испитаниците, додека најмал е процентот на оние кои сметаат дека ***физичка попреченост на партнерот*** или **неможност за создавање на потомство** се оправдана причина за развод, односно 25% и 22% следствено.




*Графикон 58*

*Со ова се потврдува претпоставката дека во однос на сите горенаведени причини кои според испитаниците би можеле да бидат оправдани за ставање на крај на брачната заедница највисок степен на одобрување ќе имаат физичкото или психичкото насилство, додека најмал одредена болест, физичка попреченост на партнерот или неможност да се создаде потомство со што се потврдува концептот за запазување на традиционалните општествени, но и религиски норми според кои брачната заедница освен за заеднички живот и потомство, треба да биде и основа за меѓусебна помош и доверба помеѓу партнерите.*

Со следната група на прашања се направи обид за утврдување на некои основни морални и етички норми кај младите, кои воедно се застапени и силно поддржани и од религиските учења. Прашањата се однесуваа како за односот кон постари лица, така и за ставовите кон начинот на реакција во однос на физичко насилство, односот кон родителите или кон блиските роднини, светоста на брачната заедница, насилство во бракот поради прељуба но и околу прашањето за постапување во случај на несакана бременост.

Првото прашање од оваа група беше ***дали би простиле прељуба во бракот***, каде дури 80% од вкупниот број на испитаници изјавиле дека ***не би простиле прељуба во бракот,*** додека само 10% би го направиле тоа.




*Графикон 59*

Во однос на прашањето ***дали сте им помогнале на постари лица да преминат улица*** како еден пример за односот кон постарите, очекувано 92% од испитаниците се изјасниле потврдно. На прашањето ***дали доколку би биле (или сте биле) сведок на физичка пресметка би се обиделе (сте се обиделе) да ја прекинете,*** 36% изјавиле дека би се обиделе да ги раздвојат учесниците во насилството, 40% би повикале полиција и 15% не би се обиделе или не би направиле ништо.




*Графикон 60*

На прашањето ***како би го опишале односот со вашите родители***, дури 94% од младите изјавиле дека имаат добар однос со родителите, односно *одличен (*61%*)* и донекаде добар (33%). Над половина од испитаниците често се гледаат со своите поблиски роднини, односно 19% секојдневно и 35% барем еднаш неделно. Дополнителни 25% се гледаат барем еднаш месечно и 18% само на семејни прослави. Само 2% изјавиле дека не се гледаат воопшто со своите поблиски роднини. Во контекст на едно од претходните прашања кое се однесуваше на прељубата во бракот и дали таа може да му биде простена на партнерот, беше поставено прашањето ***дали би оправдале или не би оправдале еден од партнерите да примени физичко насилство врз другиот доколку тој изврши прељуба.*** Иако огромен процент изјавиле дека не би ја простиле прељубата, сепак на ова прашање сличен процент, односно 73% смета дека физичкото насилство не е оправдано дури и во случај на прељуба. Едно од можеби најсензитивните прашања во истражувањето беше ***доколку во случај со несакана бременост мајката, односно родителите, не би можеле да се грижат за детето кое е според вас поприфатливо решение.*** На ова прашање 43% од испитаниците изјавиле дека поприфатливо е да се роди детето и да се даде на посвојување, додека 26% сметаат дека треба да се направи абортус. *Одговорите на претходните прашања даваат силна потврда за конзервативноста на македонското општество и придржување до одредени традиции кои креираат сложен морален кодекс на однесување кој од постарите се пренесува и кон помладите. Тоа се потврдува и во однос на ригидноста на ставовите во однос на прељубата или почитта кон постарите лица, но и кон посветеноста на одржување на семејните врски и делумно кон ставот на религиозните заедници кои се изричито против абортус во случај на непланирана бременост.*

Во контекст на претходните хипотези поврзани со етиката и моралот како и нивната силна поврзаност со одредени основни религиозни начела, беа поставени и следните две прашања од истражувањето. *Силните семејни врски, традицијата и меѓусебната поврзаност со општественото ткиво вообичаено би прејудицирале посилна желба да се остане дел од ова општество. Но, сепак и покрај воспоставените традиционални норми, голем дел од младите сака да ја напушти државата. Ова се должи во најголем случај на наизвесноста кон решавање на егзистенцијалните прашања, односно големата финансиска несигурност во општеството.* Така, на прашањето ***дали размислувате да се иселите од државата,*** дури 52% од испитаниците одговориле потврдно, притоа наведувајќи ги финансиската стабилност/животен стандард, можноста за напредување и невработеноста како главни причини, односно 22%, 11% и 10% следствено. Веројатноста да се иселат во следните 5 години за поголем дел од

оние кои изразиле желба да ја напуштат државата во претходното прашање е многу висока, односно на скала од 1-5, каде 5 е „со сигурност ќе си заминам од државата," 17% се определиле за овој одговор, а дополнителни 29% одбрале 4, што истотака претставува висока веројатност за емиграција.




*Графикон 61*

Последниот дел од истражувањето се однесуваше на интеракција помеѓу верските заедници и општеството во контекст на социјално корисни проекти и перцепцијата на младите околу можноста за вклученост на религиозните заедници, пред се МПЦ и ИВЗ во ваков тип на проекти. Прашањето гласеше ***Кои социјални дејности може или би требало да се организираат од страна на верските заедници?*** Прашањето беше поставено на ваков начин и во овој контекст со цел да се добие генерална слика околу одобрувањето или неодобрувањето од страна на испитаниците околу можноста на религиозните заедници да се вклучат во некој тип на социјален проект. На испитаниците им беа понудени 6 основни или најчести типа на социјални активности и тие можеа да изберат дали би требало, односно дали би поддржале вклученост на верските заедници во некоја од нив.

Во однос на ***брачното и семејно советување*** 72% од испитаниците би поддржале ваква активност од страна на верските заедници. Во однос на останатите активности, со исклучок на ***советување за ЛГБТ лица*** каде степенот на одобрување е понизок, односно 46%, поддршката за вклученост на религиските институции е уште повисока. Така на пример, во однос на ***грижа за лица со попреченост*** е 81%, ***социјална грижа за раселени лица*** 77%, потоа во однос на ***грижа и советување за лица со болести на зависност*** поддрш-

ката е 81%, а за ***социјална помош за сиромашни*** таа е највисока и изнесува дури 86%. *Од погоре наведеното, може да се заклучи дека младите исклучително силно би поддржале ангажман на верските заедници во социјалната сфера и тоа во сите наведени области, како грижа за сиромашни, зависници, раселени лица, лица со попреченост, брачно и семејно советување. Поддршката е најмала во однос на советување за ЛГБТ лица, иако и во овој случај процентот на одобрување на ваква активност е повисок од оној кој е против верските институции да организираат ваков тип социјална дејност.*

## Верските права и слободи и европските перспективи

Темата на ова истражување, спроведено во втората половина на ноември 2019 година, како дел од проектот „Република Северна Македонија како мултиконфесионално општество" е ***„ Верските права и слободи и европските перспективи."***

Целта на ова истражување беше да се утврди перцепцијата на граѓаните во однос на религијата и македонските европски перспективи.

Првиот воведен дел од истражувањето е посветен на перцепцијата за религијата, верската определба како и поддршката кон членството во Европската Унија, вклучително и колкав дел од нив би гласале на референдум за влез во ЕУ.

Првото прашање беше стандардното ***На која религија и припаѓате****,* кое се поставува со цел да се утврди различната религиозна припадност на вкупниот број испитаници. На ова прашање 73% се изјасниле како православни и 25% муслимани, додека припадници на други религии биле 0,1% од испитаниците. 2% од испитаниците за себе сметаат дека се атеисти, односно не и припаѓаат на ниту една религија. Сепак, како што беше утврдено и во претходните истражувања, постои разлика помеѓу припадност и практикување на одредена религија, со оглед дека првото е повеќе перцепирано како традиција и наследство, додека второто е личен избор на луѓето кои самостојно одлучуваат дали религијата ќе ја практикуваат или не. Токму затоа, следното прашање од анкетата беше ***Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на****.* На ова прашање високи 51% од испитаниците кажале дека се религиозни и дополнителни 33% изјавиле дека се донекаде религиозни. Како малку или воопшто нерелигиозни се определиле 11% од испитаниците. Кај православните овој процент е 11%, додека кај муслиманите 8%. Овие бројки ја потврдуваат претпоставката произлезена од претходните истражувања, дека Северна *Македонија е религиозна држава и тоа важи како за христијаните, така и за верниците кои се припадници на исламската религија*.

Следното прашање се однесуваше на степенот на поддршката за европски интеграции, односно ***доколку има референдум за влез во ЕУ како би гласале вие.*** На ова прашање високи 64% одговориле со ***за,*** додека 11% биле ***против.*** Во однос на религиозната припадност сличен процент на православни и муслимани ја поддржуваат македонската евроинтеграција, односно 63% и 67%, следствено. Со оглед на претходните слични мерења на јавното мислење во однос на евроинтеграцискиот процес, може да се заклучи дека ***поддршката за влез на Северна Македонија во ЕУ е стабилна и константна со мали осцилации во текот на изминатите две децении и дека таа е висока кај припадниците на сите религиски деноминации во државата, вклучително и двете најголеми.***




*Графикон 62*

Со оглед на големите очекувања од самитот на ЕУ во октомври и неуспехот да и се додели датум за старт на преговорите за членство на Северна Македонија, следното прашање во анкетата беше ***Дали сметате дека Северна Македонија ќе стане членка на ЕУ?*** На ова прашање 49% се изјасниле позитивно, додека 27% од испитаниците негативно. Во однос на религиозната припадност, 47% од православните и 53% од муслиманите одговориле со ***да,*** додека 31% од православните и 15% од муслиманите со ***не.*** Од одговорите може да се заклучи дека ***генерално сеуште е присутен оптимизмот дека Македонија ќе биде дел од Европската унија, иако е тоа поизразено кај муслиманите отколку кај граѓаните со православна вероисповест.***

На прашањето ***според вас која е доминантна вероисповест во ЕУ?*** Поставено со цел да се испита познавањето на испитаниците околу застапеноста

на религиите во ЕУ, високи 46% од испитаниците одговориле точно, односно дека најбројни се католиците. Овој одговор го дале 48% од православните и 40% од муслиманите. Од горенаведеното може да се заклучи дека ***испитаниците имаат солидни познавања во однос на религиозната афилијација во Европската Унија.***




*Графикон 63*

Во однос на перцепцијата околу правата на различните религиозни групи во Европската Унија, високи 42% одговориле дека ***припадниците на различните религиозни групи имаат еднакви права во ЕУ*** и дополнителни 25% изјавиле дека донекаде се согласуваат со оваа констатација. 7% сметаат дека донекаде правата на различните вероисповети во ЕУ се нееднакви и 13% сметаат дека тие воопшто не се еднакви. Може да се забележи дека ***повеќето испитаници или околу 67% сметаат дека различните религиозни групи во земјите членки на ЕУ целосно или донекаде имаат еднакви права, односно дека нема дискриминација на различните вероисповести.*** Согласно со претходната констатација се и одговорите на следното прашање кое гласеше ***дали во земјите на ЕУ се почитуваат верските права и слободи.*** На ова прашање, високи 69% од граѓаните одговориле потврдно, додека 14% не се согласуваат дека во ЕУ се почитуваат верските права. Интересни се и одговорите на следното прашање, односно ***дали во Северна Македонија се почитуваат верските права и слободи.*** На ова прашање високи 72% одговориле со ***да,*** а само 16% со ***не.*** Доколку се споредат одговорите на последните две прашања, може да се заклучи дека ***македонските граѓани сметаат дека почитувањето на верските права и слободи во Северна Македонија се на еднакво или дури и повисоко рамниште споредено со земјите членки***

***на ЕУ.*** Одговорите на следното прашање само го потврдуваат претходниот заклучок, односно на прашањето ***споредено со земјите од ЕУ, дали верските права во Северна Македонија се почитуваат повеќе или помалку,*** 20% од испитаниците одговориле ***повеќе*** слични 24% одговориле ***помалку,*** а мнозинството од 41% одговориле дека верските права и слободи во Северна Македонија се почитуваат ***еднакво*** како и во земјите членки на ЕУ**.** Одговорите и на последното од овој сет на прашања потврдуваат дека перцепцијата на граѓаните околу почитувањето на верските права во земјата е висока и на многу слично рамниште со земјите од ЕУ. Имено на прашањето ***дали доколку Северна Македонија стане членка на ЕУ, верските права и слободи ќе се подобрат*** 33% одговориле ***потврдно***, 9% сметаат дека ***ќе се влошат*** додека повторно слично како и на претходното прашање, високи 43% одговориле дека ***ќе останат исти.***




*Графикон 64*

Преку следните неколку прашања се направи обид да се утврди перцепцијата на граѓаните за односот помеѓу религијата и државата во контекст на членството во Европската Унија. Првото прашање од оваа група беше, ***дали ќе се унапреди секуларноста во општеството односно одвоеноста на религијата од државата.*** На ова прашање мислењата се поделени, односно 36% одговориле потврдно, додека 28% изјавиле дека нема да има промена во односот меѓу религиозните заедници и државата. На следното прашање кое гласеше ***дали членството во ЕУ ќе го намали, зголеми или влијанието на религијата во општеството ќе остане исто.*** 12% сметаат дека со членството во ЕУ ќе се намали, а слични 13% сметаат дека со членството во ЕУ ќе се зголеми влијанието на религијата. Сепак големо мнозинство од

испитаниците сметаат дека ***нема да има промени*** во однос на влијанието на религијата во општеството по членството во Европската Унија. Трендот на перцепциите во однос на оваа група прашања, може да се забележи и во следното прашање, односно ***дали членството во ЕУ ќе влијае на практикување на верата,*** на кое 17% одговориле потврдно, додека големото мнозинство испитаници или 60% сметаат дека членството во ЕУ нема да има влијание врз практикување на верата. И на прашањето ***дали со членството во ЕУ, влијанието на двете најголеми верски заедници МПЦ-ОА и ИВЗ ќе се намали, ќе се зголеми или ќе остане исто,*** одговорите се слични како и на претходните прашања, односно 10% сметаат дека ќе се намали, 11% ќе се зголеми а најголемиот дел 57% дека ќе остане исто.




*Графикон 65*

Од одговорите на претходните прашања може да се заклучи дека ***за големо мнозинство испитаници влезот во Европската Унија нема да има влијание врз практикувањето на верата, потоа врз односот помеѓу религијата и општеството како и врз влијанието на религијата во општеството и влијанието кое го имаат двете најголеми религиозни заедници.***

Од друга страна, граѓаните очекуваат промени за одредени прашања поврзани со религијата и евентуалното членство во ЕУ. Така на пример перцепцијата е дека ***членството во ЕУ ќе придонесе за решавање на црковниот спор и признавањето на МПЦ-ОА во православниот свет.*** Ваква е перцепцијата на 42% од православните верници, додека 30% сметаат дека нема да има промени. И во однос на прашањето ***дали со членството во ЕУ, Северна***

***Македонија ќе биде обврзана да регистрира други верски заедници,*** значаен дел, односно 44% од испитаниците одговориле потврдно. Ова е особено изразено кај православните верници, од кои 49% сметаат дека државата ќе биде обврзана да регистрира и други верски заедници по приемот во Европската Унија. Влијанието на членството во ЕУ, особено ќе се почуствува во сегментот на ***заштита на верските објекти, кои се во исто време и заштитени културно-историски споменици***, сметаат најголем дел од испитниците, односно 63%. ***Генерално, за прашања поврзани со религијата, но кои се повеќе од административно-политички карактер, испитаниците сметаат дека влезот во ЕУ ќе има влијание, додека за прашања поврзани со односот на религијата и општеството како и за оние кои значат практикување на верата, граѓаните сметаат дека нема да има промени***.

Последните две прашања се однесуваа на перцепцијата на македонските граѓани во однос на присуството на верскиот радикализам во Европската Унија. ***На прашањето дали е присутен верски радикализам во ЕУ,*** 20% одговориле потврдно, додека 28% сметаат дека нема верски радикализам во Европската Унија. Сепак очигледно дека најголем дел од испитаниците не се доволно запознаени со оваа тема со оглед дека 52% немаат мислење по однос на ова прашање. Од оние 20% кои сметаат дека има верски радикализам во ЕУ, најголем дел или 7% не дали одговор во однос на тоа каков е тој верски радикализам, додека кај останатите испитаници присутни се повеќе дефиниции од која ниту една не е доминантна.




*Графикон 66*

# Религија и пандемијата на коронавирус

Истражувањето насловено „**Религија и пандемијата на коронавирус**“, е спроведено на почетокот на Април 2020 година во екот на глобалната пандемија со коронавирус, поради која, меѓудругото беа преземени драстични мерки за ограничување на движењето како превенција од ширење на вирусот. Ова истражување, како и претходните неколку истражувања спроведени во периодот 2016-2020 беше дел од проектот „Република Северна Македонија како мултиконфесионално општество.“

Основната цел на ова истражувањето беше да се утврди перцепцијата на општеството за влијанието на кризата со коронавирусот врз религијата, како од аспект на практикување на религијата, така и од аспект на пристапот на верските заедници кон кризата. Со истражувањето се направи обид да се детектираат и перцепциите околу самата појава на вирусот и можните последици кои би можеле да произлезат во однос на основните начела и погледи на луѓето како од општествен, така и од религиозен аспект.

Во воведниот дел од анкетата се поставија неколку стандардни прашања кои се однесуваат на општата перцепција на граѓаните за религијата и нивниот однос кон религиозното учење. За таа цел беа поставени прашања во контекст на самата перцепција на религијата. Овие прашања беа вклучени и во неколку претходни истражувања спроведен и во изминатите неколку години. Со цел да се направи компарација на односот кон религијата пред четири, пред две години и сега, како и да се детектираат можните промени во ставовите во дадениот временски период, ова истражување ги споредува резултатите со истражувањето спроведено кон крајот на 2016 година, како и со истражување спроведено во октомври 2018 година.

Првото прашање во анкетата беше стандардното ***На која религија и припаѓате***, кое се поставува со цел да се утврди различната религиозна припадност на вкупниот број испитаници. На ова прашање 71% (72% во 2018 и 75% во анкетата од 2016) се изјасниле како православни и 26% (24% во 2018 и 22% во анкетата од 2016) муслимани, додека католици или припадници на други религии биле 1,1% (0,2%, односно 0,3% во 2018 и 2016) од испитаниците. 2,6% (2,3% во 2018 и 2,4% во анкетата од 2016) од испитаниците за себе сметаат дека се атеисти, односно не и припаѓаат на ниту една религија. Со оглед на разликата помеѓу припадност и практикување на одредена религија, бидејќи првото е повеќе перцепирано како традиција и наследство, додека второто е личен избор на луѓето кои самостојно одлучуваат дали религијата

ќе ја практикуваат или не, на испитаниците им беше поставено прашањето ***Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на***. На ова прашање високи 51% (42% во 2018 и 52% во анкетата од 2016) кажале дека се религиозни и дополнителни 32%  (41% во 2018 и 31% во анкетата од 2016) изјавиле дека се донекаде религиозни. Како малку или воопшто нерелигиозни се определиле 13% (16% во анкетите од 2018 и 2016) од испитаниците. Кај православните овој процент е 13% (13% во 2018 и 15% во анкетата во 2016), додека кај муслиманите е само 3% (14% во 2018 и 13% во анкетата од 2016). *Овие бројки повторно ја потврдуваат претпоставката произлезена од претходните истражувања дека македонското општество е  религиозно*.

Следното прашање од анкетата е компатибилно со прашањето кое се поставува во истражувањата на Евробарометар, односно ***Дали верувате дека 1. Бог постои како што е напишано во библијата (или куранот за муслимани), 2. Бог не постои, но постои некоја виша сила или Не постои ни Бог ни виша сила,*** 70% (71% во 2018 и 69% во 2016) се определиле за првата опција, 17% (16% во 2018 и 18% во 2016) за втората и само 6% (7% во 2018 и 5% во анкетата од 2016 година) за третата опција, односно дека нема ниту Бог, ниту некоја виша сила. Кај православните христијани процентите се 65 (67 и 63 претходно), кои веруваат во Бог потоа 21 (21 и 22 претходно) во виша сила и  6% (5% во 2018 и во 2016) кои не веруваат во ништо, додека кај муслиманите 93% (94% во 2018 и 97% во 2016) изјавиле дека веруваат во Бог, 6% (2% и 3% претходно) во виша сила и 2% се определиле за третата опција. Овие резултати ги потврдуваат одговорите на претходното прашање и соодветствуваат со резултатите од претходните истражувања од 2016 и 2018 година.




*Графикон 67*

Следното прашање имаше за цел да утврди до која мера се почитуваат препораките на државата, но и на верските заедници, за избегнување на посета на верските храмови во периодот додека трае пандемијата на ковид-19. Прашањето гласеше ***Кога последен пат сте биле во црква/џамија?*** Најголем дел од верниците одговориле *минатиот месец* 32% или *пред неколку месеци* 27%, додека само 9% одговориле со *минатата недела.* Од одговорите *може да се заклучи дека во моментов, верниците генерално ги почитуваат препораките да избегнуваат посета на верските објекти додека трае пандемијата на вирусот ковид 19*. Сепак, на прашањето ***дали од почетокот на кризата со коронавирусот имате отидено во верски објект (црква или џамија)*** високи 30% одговориле со *„да."* На прашањето ***дали сметате дека ако отидете во црква/џамија постои ризик да се заразите со коронавирус*** високи 57% одговориле потврдно, додека 21% сметаат дека нема ризик. Овие одговори наведуваат на претпоставката дека *иако можеби во моментов препораките за избегнување на поголеми собири и социјална дистанца генерално се почитуваат, на почетокот на кризата, дел од граѓаните или биле неинформирани или недоволно сериозно ја сфатиле кризата со пандемијата. Во анкетата сеуште 20% од верниците сметаат дека нема опасност од зараза доколку посетат некој верски објект, но очигледно поголемиот дел и од тие 20% сепак не го прават тоа. Во оваа насока може да се претпостави  позитивното влијание на препораките на МПЦ и ИВЗ по почетокот на кризата, кои апелираа верниците да останат дома и да се воздржат од посетата на црквите и џамиите.*

Во однос на шпекулациите околу појавата на ковид-19, а со цел да се утврдат перцепциите на македонското општество околу потеклото на самиот вирус кој ја предизвика актуелната пандемија беше поставено прашањето ***според вас дали ковид-19 е природна појава или е вирус произведен во лабораторија.*** Од одговорите на ова прашање *може да се заклучи дека поголем дел од граѓаните кои имаат став во однос на потеклото на вирусот (околу третина од испитаниците одговориле со не знам) сметаат дека е тој лабораториски произведен* 39% (45% од православните и 23% од муслиманите), додека помал дел изјавиле дека е природна појава или 25% (21% од православните и 39% од муслиманите).

На **прашањето *дали состојбата со корона вирусот ќе ја зајакне или ќе ја ослаби веербата на луѓето во религијата*** поголем дел од испитаниците одговориле дека ќе ја зајакне 41% (35% православни и 60% муслимани) или дека вербата ќе остане непроменета 31% (34% од православни и

20% муслимани). Само 8% (8% православни, 7% муслимани) сметаат дека вербата во религијата ќе ослабе како последица од коронавирусот. Од овие одговори произлегува дека *корона вирусот нема да има негативно влијание врз вербата во Бог и напротив вербата може само да се зајакне како последица на пандемијата.*




*Графикон 68*

Едно од основните начела и на христијанската религија и на исламот е помошта кон ближниот во неволја. Затоа следно прашање од истражувањето беше ***Дали пандемијата на ковид-19 ќе ја зголеми човечноста или себичноста кај луѓето?*** На ова прашање поголемиот дел од испитаниците одговориле дека ќе се зголеми човечноста 50% (50% кај православните и 55% кај муслиманите) додека 21% сметаат дека пандемијата ќе ја големи себичноста кај луѓето. 14% сметаат дека нема да има промени по однос на ова прашање. Заклучокот кој произлегува е дека *поголемиот дел од граѓаните сметаат дека пандемијата ќе има позитивен ефект врз приближувањето на луѓето еден кон друг, како и врз взаемната помош и поддршка која може меѓусебно да си ја понудат.*

По појавата на ковид-19 се покренаа многу прашања околу човековиот развој и неговото влијание и последиците кои ги има врз природата. Во последните години се појавија многубројни теории дека зачестената појава на епидемии и пандемии се директна последица на уништување на природата и човековата околина. Затоа следното прашање во анкетата беше ***дали по пандемијата ќе се промени односот на луѓето кон приро-***

***дата?*** Од одговорите *може да се заклучи дека повеќето испитаници сметаат дека ќе има позитивна промена на човековиот однос кон природата по завршување на пандемијата со коронавирусот,* односно 50% го дале овој одговор, додека само 9% сметаат дека промената ќе биде негативна, а дополнителни 25% сметаат дека нема да има никаква промена на нашиот однос кон природата.




*Графикон 69*

Со цел да се детектира степенот на загриженост на јавноста во однос на појавата на коронавирусот, се постави следното прашање: ***на скала од 1-5 (каде 1 е „воопшто не сум загрижен“ и 5 е „многу сум загрижен“) колку сериозно ги сфаќате заканите од коронавирусот по здравјето на луѓето.*** *Одговорите на ова прашање ја покажуваат сериозноста со која граѓаните ја перципираат опасноста од коронавирусот и заканите кој тој ги претставува по човековото здравје.* Имено 54% од испитаниците избрале 5 на понудената скала односно највисокиот степен на загриженост и дополнителни 21% одбрале 4. Само 3% од испитаниците одбрале 1, односно дека „воопшто не се загрижени“ и дополнителни 4% одбрале 2, односно „малку загрижени.“ Следното прашање беше повторно скала и претставуваше логично надоврзување на претходното прашање, односно ***на скала од 1-5 (каде 1 е нема да се заразам со сигурност и 5 е најверојатно ќе се заразам) дали сметате дека може да се заразите со ковид-19?*** Загриженоста на граѓаните проектирана преку ставовите на претходното прашање, се рефлектира и во одговорите на ова прашање. Имено високи 15% одговориле со 5, односно дека „*најверојатно ќе се заразам*“ и дополнителни 13% со 4, односно дека е висока веројатноста да се заразат, а 25% со 3, односно

дека постои одредена веројатност да се заразат. На прашањето ***Дали ги поддржувате или сте против мерките на државата за ограничување на движењето како заштита од коронавирусот,*** високи 86% одговориле дека ги поддржуваат иако постои одредена дикрепанца кај православните (92% поддржуваат) и муслиманите (68% поддржуваат. Против овие мерки се само 7% (5% кај православните и 14% кај муслиманите).




*Графикон 70*

Следното прашање се однесуваше личната перцепција околу препораките и мерките за заштита од вирусот. На прашањето ***„дали ги почитувате мерките за заштита од коронавирус?"*** високи 82% од испитаниците одговориле со „*да*" и дополнителни 12% со „*донекаде да.*" Само 2% донекаде не ги почитуваат препораките и уште помали 1% воопшто не ги почитуваат. Може да се заклучи дека *релативно висок процент на граѓаните и покрај тоа што ја сфаќаат сериозностана ситуацијата со корона вирусот, како и покрај поддршката на преземените мерки од државата и почитување на препораките за заштита, сепак сметаат дека постои одредена до голема веројатност да бидат заразени со ковид-19*.

Со следното прашање во анкетата се направи обид да се детектираат перцепциите на граѓаните во однос на нивната ***поддршка на постапките на повардарската епархија за осветување на улиците со света вода и слични обреди како заштита од коронавирусот.*** Мислењата на граѓаните во однос на осветувањето на улиците како заштита од вирусот се поделени, односно 27% ги поддржуваат и дополнителни 17% донекаде ги поддржуваат, додека 35% не ги поддржуваат со дополнителни 10% кои донекаде не ги под-

држуваат овие постапки. Во однос на одговорите на ова прашање, треба да се напомене дека не беа вклучени верниците со муслиманска вероисповест. Може да се заклучи дека *приближно е еднаков бројот на граѓани кои сметаат дека осветувањето на улиците може да помогне против корона вирусот, со оние кои сметаат дека од тоа нема да има никаква корист.*




*Графикон 71*

Со оглед на рестрикциите на движење за граѓаните и повиците да се избегнуваат масовни собирања, на испитаниците им беше поставено прашањето ***дали сметаат дека верските заедници треба да вршат преноси во живо од богослужбите?*** На ова прашање 50% (53% од православните и 47% од муслиманите) одговориле позитивно, додека 28% биле против. Со оглед на резултатите на ова прашање, *верските заедници треба да размислат за онлајн или телевизиски пренос на богослужбите за времетраење на коронавирусот.*

Со оглед на рестрикциите на движење и забрана за собирање на поголеми групи поради коронавирусот, се наметна прашањето ***дали со овие мерки се ограничува и правото на вероисповест или не.*** *Поголем дел од граѓаните*, следствено на одговорите од претходните прашања преку кои се детектираше нивната перцепција за сериозноста за целата ситуација со коронавирусот, *сметаат дека мерките на државата за ограничување на движењето како превенција од корона вирусот не го загрозуваат правото на вероисповест.* Тоа го сметаат 63% од граѓаните (68% православни и 49% муслимани), додека не се согласуваат, односно сметаат дека со мерките им се ограничува правото на вероисповест 24% од испитаниците (23% православни и 29% муслимани).




*Графикон 72*

Со оглед на опасноста која ја претставува пандемијата за целото општество, како и поради мерките за ограничување на движење, воведување на полициски час и социјалното дистанцирање, се наметна претпоставката дека ќе има зголемена потреба од психолошко советување и помош за дел од граѓаните. Затоа во анкетата беше вметнато прашањето ***доколку ви е потребна психолошка помош или морална поддршка кај кого би се обратиле, кај психолог или кај вашиот свештеник.*** Од одговорите на ова прашање *може да се заклучи дека преференците на повеќето граѓани во однос на психолошка помош или морална поддршка се повеќе насочени кон психолозите* 59% (66% православни и 38% муслимани), *отколку кај нивниот свештеник* 12% (6% православни и 29% муслимани).

Во време кога има сериозни ограничувања на движењето, како и забрани за собирање во групи, а во контекст на претстојните големи религиозни празници како Велигден или Рамазан, беше поставено прашањето ***дали претстојните верски празници оваа година треба да се прославаат во домашни услови или не?*** Одговорите на ова прашање соодветствуваат со претходните, односно *поради опасноста од ширење на вирусот, најголемиот дел од испитаниците одговориле дека претстојните празници треба да се прославаат во домашни услови.* Во проценти 80% од вкупниот број испитаницисе согласуваат дека празниците треба да се прославаат во домашни услови, додека само 9% не се согласуваат со ова.




*Графикон 73*

Во следните неколку прашања се направи обид да се детектираат перцепциите на граѓаните за односот на верските заедници во време на кризата со коронавирусот, како и за други предизвици поврзани со религијата за време на кризата со пандемијата. На прашањето ***дали верските заедници соодветно реагираа на предизвиците поврзани со корона вирусот,*** високи 51% (55% кај православните и 46% кај муслиманите) одговориле со *да,* додека 20% не се согласуваат (18% православни и 22% муслимани), односно сметаат дека заедниците не реагирале соодветно на предизвиците предизвикани поврзани со пандемијата. Од одговорите произлегува дека *повеќето граѓани се задоволни од односот на верските заедници за време на кризата.* Ова се потврдува и со одговорите на следните две прашања ***дали според вас е исправно тоа што верските заедници на предлог на државата воведоа вонредни мерки во црквите и џамиите до завршување на кризата со коронавирусот.*** Дури 75% од испитаниците сметаат дека ова е исправно, а само 7% не се согласуваат.




*Графикон 74*

Исто така и на прашањето ***дали забраната за собирање во верските храмови е оправдана како превенција од коронавирусот,*** високи 80% сметаат дека забраната е оправдана и само 8% не се согласуваат.

Целта на следните три прашања од анкетата, истотака поврзани со верските заедници, беше да се доловат перцепциите и очекувањата на граѓаните за улогата на верските заедници за време на криза. На прашањето ***дали треба верските заедници поактивно да бидат вклучени во справување со пандемијата со коронавирус,*** високи 67% одговориле потврдно (70% православни и 61% муслимани). На следното прашање од овој сет, односно ***дали треба заедниците да организираат хуманитарни акции за помош на оние кои се најзагрозени од пандемијата***88% одговориле потврдно, а само 4% од испитаниците не се согласуваат. И на прашањето ***дали треба претставниците на верските заедници да се појавуваат почесто во медиумите со совети за заштита и поддршка на верниците за време на пандемијата,*** високи 58% одговориле потврдно, додека 24% не се согласуваат со овој предлог.




*Графикон 75*

Од одговорите на претходните три прашања може да се изведе заклучок дека *граѓаните очекуваат од верските заедници да заземат проактивна улога во општеството за време на справување со кризата поради пандемијата на коронавирус, како во однос на степенот на активност, така и во однос на организирање на хуманитарни и останати акции за помош на населението, како и поголема присутност во медиумите со совети и поддршка за верниците.*

Последното прашање од анкетата беше ***дали закажаните венчавки, крштевки и слични собири за време на кризата со ковид 19 треба да се одложат или треба да се одржат со ограничен број на присутни лица.*** На ова прашање *повеќето испитаници или 71% (76% кај православните и 59% кај муслиманите) се согласуваат дека треба да се одложат, додека само 16% од испитаниците (15% кај православни и 16% кај муслимани) сметаат дека венчавките, крштевките и слични настани сепак треба да се одржат.*

## Употреба на Религијата во политички кампањи-компаративна анализа

Истражувањето насловено „**Употреба на Религијата во политички кампањи**"е спроведено по завршување на парламентарните избори, во втората половина на јули 2020. Истражувањето е направено на сличен прашалник како и претходното истражување спроведено пред околу три години, односно по завршување на локалните избори 2017, а со цел да се направи компаративна анализа и да се детектираат евентуалните промени во перцепцијата на граѓаните во изминатите неколку години. Ова истражување, како и претходните слични истражувања кои имаат за цел да ја детектираат поврзаноста на религијата со различни општествени процеси, спроведени во периодот 2016-2020, беше дел од проектот „Република Северна Македонија како мултиконфесионално општество."

Религиозните убедувања честопати се користат од страна на политичките партии во предизборието. Религијата била секогаш една од темите на политичката кампања, а понекогаш и меѓу најзначаните сегменти на подземната (или анонимната) негативна кампања, спроведувана од страна на повеќе политички партии во минатото, иако со различен интензитет, во зависност од политичките околности пред самите избори. Партиите ја користат религијата со цел да креираат тензии и атмосфера на конфликт со цел да мобилизираат нови гласови. На минатите парламентарни избори во 2016, некои од политичките партии отворено ја промовираа религијата како еден од главните инструменти во политичката кампања. Основната цел на ова истражувањето беше да се утврди перцепцијата на општеството за употребата и влијанието на религијата во политичките кампањи, како од аспект на користење на религијата од страна на различни политички субјекти, така и од аспект на пристапот на верските заедници кон политиката.

Во воведниот дел од анкетата се поставија неколку стандардни прашања кои се однесуваат на општата перцепција на граѓаните за религијата и нивниот однос кон религиозното учење. За таа цел беа поставени прашања во контекст на самата перцепција на религијата. Овие прашања беа вклучени и во претходното истражување кое се однесуваше на религијата и политичките кампањи спроведено во 2017 година.

Првото од воведните прашања во анкетата беше ***На која религија и припаѓате***, при што 71% (77% во 2017) се изјасниле како православни и 25% (21% претходната анкета) муслимани, додека католици, припадници на други религии или

атеисти биле околу 3% од испитаниците. Сепак, како што беше напоменато и во претходните слични истражувања, секогаш мора да се земе во предвид разликата помеѓу припадност  и практикување на религија, каде првото е повеќе перципирано како традиција и наследство, додека второто е личен избор на луѓето кои самостојно одлучуваат дали религијата ќе ја практикуваат или не. Токму затоа, како и претходно второто прашање од анкетата беше ***Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на***. На ова прашање високи 55% (50% во анкетата од 2017) кажале дека се религиозни и дополнителни 31% (29% претходно) изјавиле дека се донекаде религиозни. Како малку или воопшто нерелигиозни се определиле 14% (21% претходно) од испитаниците. Кај православните овој процент е 16% (22% во претходното истражување, додека кај муслиманите само 4% (14% претходно). Овие бројки ја потврдуваат претпоставката произлезена од претходните истражувања, како и од други слични истражувања, дека Северна Македонија е генерално религиозна држава и тоа важи како за христијаните, така и за верниците кои се припадници на исламската религија.

Последното прашање од воведниот дел во истражувањето се однесува на перцепциите за верските заедници, односно ***Дали имате доверба во Македонската Православна Црква (МПЦ-ОА) (ИВЗ за муслимани)*** на што потврдно одговориле 50% (41%во 2017) од православните христијани во однос на МПЦ-ОА и 35% (49%во 2017) од муслиманите за ИВЗ. Донекаде доверба во своите верски заедници имаат 20% (25% во 2017) од православните и 32% (13% во 2107) од муслиманите, додека малку доверба имаат 15% (16% во 2017) од православните и 18% (11% во 2017) од муслиманите. Во МПЦ-ОА воопшто немаат доверба 13% (18% во 2017), а во ИВЗ 12% (24% во 2017) од верниците.




*Графикон 76*

Во следниот дел од анкетата се мереше перцепцијата на граѓаните околу користењето на религијата во предизборните кампањи на политичките партии на неодамна завршените парламентарни избори. Прашањето гласеше ***Дали во предизборната кампања беше користена религијата и религиозните чувства на граѓаните со цел да се привлечат повеќе гласови од страна на политичките партии?*** На ова прашање потврдно одговориле 17% (20% во истражувањето од 2017) од испитаниците, 19% (23% во 2017) сметаат дека донекаде е користена религијата во кампањите на политичките партии, 15% (13% во 2017) дека донекаде не е користена, додека 34% (26% во 2017) сметаат дека религијата воопшто не била користена во кампањата за локалните избори. Од овие одговори произлегува дека за околу 36% (43% во 2017) од испитаниците религијата е повеќе или помалку употребена во кампањата, а околу 49% (39% во 2017) таа малку или воопшто не се користи од страна за партиите. Сеуште *релативно високиот процент на испитаници кои сметаат дека религијата е употребена во кампањата за последните избори ја наметнува претпоставката дека политичките партии сметаат дека може да привлечат гласови, апелирајќи на религиозните чувства на граѓаните, иако споредено со изборите во 2017 се забележува одредено намалување во перцепцијата на граѓаните околу користење на религија во политичките кампањи*.

Сепак *слично како и во претходното истражување, само кај релативно мал дел од граѓаните користењето на религијата во кампањата имало влијание во нивниот избор за кого би гласале* на денот на изборите, иако се забележува одредено намалување на оние кои децидно изјавиле дека користење на религијата во кампањите нема никаква улога при нивната одлука за кого да гласаат на сметка на зголемување на процентот кај оние на кои користење на религија во кампањите донекаде не им влијае за кого би се определиле на денот на гласање.

Имено само 8% (7% во 2017) ***сметаат дека користењето религијата и религиозните симболи во предизборните кампањи имаат влијание за кого да се определат на денот на гласање***, а 10% (7% во 2017) сметаат дека религијата донекаде може да влијае на нивниот избор. Од друга страна 15% (8% во 2017) сметаат дека религијата има многу мало влијание, додека најголем дел од граѓаните или 64% (74% во 2017) сметаат дека религијата нема никакво влијание во однос на нивниот политички избор на денот на изборите.




*Графикон 77*

Од одговорите на овие прашања се забележува дека *и понатаму е валиден заклучокот дека политичките партии во своите кампањи користат инструменти кои се надвор од политичката сфера, во овој случај религијата, иако политичката корист од ова е релативно мала.* Сепак, со оглед дека *за партиите секој глас е важен очигледно е дека тие сеуште прибегнуваат (а најверојатно ќе продолжат и понатаму) кон дополнителни мерки за поврзување на партијата со нови потенцијални гласачи, особено кога се забележува тренд на намалување на излезноста во последните неколку изборни циклуси.*

Со оглед дека не сите политички субјекти еднакво ја користат религијата во своите политички кампањи, на испитаниците им беше поставено прашањето, ***На скала од 1 до 5, колку следниве политички партии ја користеа религијата во својата предизборна кампања.*** Притоа на граѓаните им беа наброени политичките партии кои ќе бидат застапени во новиот парламент. Врз основа на оцените од 1 до 5 беа изведени средните вредности за секоја партија соодветно. Според испитаниците, религијата се користи најмалку во политичките кампањи на Левица со просечна оцена 1,95, потоа кај СДСМ со просечна оцена од 2,01 (2,40 на претходната анкета 2017) и ВМРО-ДПМНЕ со просечна оцена од 2,44 (2,60 во 2017). Кај партиите на етничките албанци, според граѓаните религијата се користи во нешто поголем интензитет и тоа: кај ДУИ просечната оценка е 2,80 (3,38 претходно), потоа кај Алијанса за Албанците 2,82 (3,51 во 2017) и кај БЕСА 2,86 (3,71 претходно).

Од резултатите на ова прашање, освен заклучокот дека *според граѓаните, етничките албански партии сеуште донекаде повеќе ја користат религијата во предизборните кампањи*, се наметнува заклучокот и дека *се забележува намалување, барем според перцепцијата на граѓаните, во користењето на религијата во политичките кампањи и тоа кај сите партии генерално. Сепак, дали е ова тренд или инцидентна појава заради условите во кои се одржаа овие избори како последица од коронавирусот, ќе покажат истражувањата по некои следни избори.*

Претходно се мереа ставовите на испитаниците околу користењето на религијата во предизборната кампања. Основна цел на следното прашање е да се утврдат перцепциите на граѓаните во однос на тоа дали воопшто треба или не треба да се користи религијата во политичка кампања. Тие беа запрашани ***Дали сметате дека користењето на религијата и религиозните симболи во изборните кампањи е дел од едно нормално политичко претставување на програмата и заложбите на една политичка партија или тоа претставува злоупотреба на религиозните чувства на граѓаните***? Најголем дел од испитаниците одговориле дека користењето на религијата во кампањите претставува *злоупотреба на религиозните чувства на граѓаните,* односно 80% (71% во 2017) од испитаниците (83% од православните и 72% од муслиманите), додека само мал дел од испитаниците или 11% (исто и во 2017) или 8% од православните и 20% од муслиманите) сметаат дека користењето на религијата е дел од *нормалното политичко претставување,* што наведува на заклучокот дека *граѓаните се против користењето на религија и религиозни симболи во политичка кампања.*




*Графикон 78*

Следните две прашања во анкетата се однесуваа на пристапот на политичките партии кон религијата како и на религиозноста на политичките лидери. На прашањето ***Каков е пристапот на следните политички партии во однос на религијата*** се бараше одговор на скала од 1-5 во однос на тоа колку парламентарните партии (секоја посебно) ја поддржуваат, односно не ја поддржуваат религијата, каде 1 е *многу ја поддржуваат,* 3 *неутрален однос* а 5 е *многу се против религијата.* Од одговорите може да се забележи дека *перцепцијата за сите партии е дека ја поддржуваат религијата иако за Левица која има средна оцена од 2,62 и донекаде СДСМ со средна оцена од 2,42 може да се заклучи дека се повеќе перцепирани како партии кои имаат повеќе неутрален однос кон религијата*. ВМРО-ДПМНЕ (средната оцена е 2,09), ДУИ со 2,11 и Алијанса на албанците со 2,10 имаат еднаква перцепција во однос на поддршката на религијата, додека како партија која нешто повеќе ја поддржува религијата граѓаните ја сметаат БЕСА со просечна оцена од 1,97. На прашањето ***според вас, колку се религиозни следните политички лидери*** одговорите беа следни. За Зоран Заев 47% од испитаниците сметаат дека тој е многу или донекаде религиозен, за Христијан Мицкоски овој процент е 56%, а за Али Ахмети 44% сметаат дека е многу или донекаде религиозен. Лидерот на Алијансата, Зијадин Села, 46% го перцепираат како религиозен, Димитар Апасиев 31%, додека за Билал касами 47% од испитаниците сметаат дека е религиозен. Од овие одговори може да се заклучи дека *околу половина од испитаниците ги перцепираат сите лидери на парламентарните партии (со исклучок на Димитар Апасиев) како многу или донекаде религиозни.*

Следното прашање беше креирано со цел да се утврди колкава е поврзаноста на религијата и наклонетоста кон одреден политичар или политичка опција. На прашањето ***дали би гласале за политичар кој е со вероисповест различна од вашата?*** 33% одговориле потврдно (33% православни и 32% муслимани), но високи 58% одговориле негативно (58% и кај двете главни конфесии).




*Графикон 79*

Од ова произлегува дека *повеќе од половината македонски граѓани не би гласале за политичар со различна вероисповед од нивната без разлика на неговите политички ставови или партиска програма. За голем број граѓани, конфесијата кон која припаѓаат одредени политичари сеуште има одлучувачка улога во поддршката кон одредена политичка опција која тие ја претставуваат, како клучен предуслов (или исклучувачки фактор) за тие воопшто да размислат дали ќе гласаат за нив, без разлика на нивната политичка ориентација, преференци и дали тие воопшто ја истакнуваат религијата во своите политички портфолија. Ова се јавува најверојатно како контра-ефект од користењето на религијата во политичките кампањи со цел да се придобијат нови гласачи, каде партиите ја истакнуваат вероисповеста како важен сегмент од нивниот политички идентитет, но во исто време како последица на тоа, одбиваат гласачи со можеби слични политички ставови, но различна конфесија кои поради вклучувањето на религиозната припадност во политичката матрица на партиите не може да се идентификуваат со одреден политички ентитет.*

Дополнителна потврда на претходниот заклучок е перцепцијата на граѓаните околу ***влијанието на религијата врз политичките процеси во општеството,*** односно дури 60% од испитаниците сметаат дека религијата има влијание врз политичките процеси, додека со спротивен став се релативно пониски 30%. Сепак, *импакт врз ставовите на граѓаните кои во мнозинство сметаат дека религијата има влијаниево политичките процеси, освен користењето на религијата во креирање на политичката идентитетска матрица*

*имаат и употребата на верските симболи во испраќање на политички пораки, како и вклученоста на верските заедници во одредени политички процеси.*




*Графикон 80*

Со цел да се проверат овие претпоставки произлезени од одговорите на претходните две прашања, следните три прашања се однесуваа на перцепциите на граѓаните за употребата на политиката и дневно-политичките настани од страна на верските лидери. Овие прашања во сличен или ист формат беа поставени и во анкетата спроведена во 2017 година. На прашањето ***Според вас дали има политички пораки во јавните настапи на верските лидери?*** 47% (38% во 2017) или 42% од православните (37% во 2017) и 59% од муслиманите (43% во 2017) одговориле потврдно, а 34% (33% во 2017) или 36% од православните (34% во 2017) и 31% од муслиманите (30% во 2017) сметаат дека нема политика во јавните настапи на верските лидери.




*Графикон 81*

На прашањето ***Дали според вас е прифатливо верските лидери да се произнесат со став за одредени политички проблеми во јавноста?*** 25% (24% во 2017), односно 14% (20% во 2017) од православните и 53% (38% во 2017) од муслиманите одговориле дека тоа е прифатливо, но за високи 67% (53% во 2017) или 77% (59% во 2017) од православните и 40% (35% во 2017) од муслиманите тоа е неприфатливо. Во одговорите на ова прашање *се забележува релативно голема дискрепанца меѓу православните и муслиманските испитаници и тренд кој кај православните значи намалување на перцепцијата на одобрување на праќање политички пораки од страна на верските лидери, додека кај муслиманите овој тренд е обратен и со тоа го зголемува јазот во перцепциите по однос на ова прашање*

Следното прашање беше адаптирано во однос на тоа од 2017 година кога граѓаните одговараа на тоа *Дали верските претставници зборуваат за политика на своите проповеди?*(27% (20% православните и 48% муслиманите) одговориле со *да,* а 31% (34% од православните и 23% од муслиманите) со *не).*Во ова истражување прашањето гласеше ***дали за вас е прифатливо верските лидери да зборуваат и јавно да се произнесуваат во корист на одредени политички субјекти во своите проповеди?*** На ова прашање со *да* одговориле 15% , а со *не* 76% од испитаниците. Сепак се забележува релативно висока дискрепанца кај православните, каде само 8% одговориле потврдно и муслиманите каде со *да* одговориле високи 35% од испитниците.

Од одговорите на овие прашања може да се заклучи дека иако генерално за граѓаните не е прифатливо верските лидери јавно да кажуваат политички ставови, ова е сепак поприфатливо за муслиманите, отколку за христијаните. Слично е и со одговорите на другите две прашања каде е повисок процентот на муслимани кои одговориле дека има политички пораки во јавните настапи на верските лидери, а особено оваа дискрепнца се забележува во одговорите во однос на перцепцијата околу употребата на политиката во верските проповеди. *Со ова се потврдува заклучокот од анкетата во 2017 година дека политиката е повеќе присутна кај муслиманските верски лидери, отколку кај православните, но и од аспект на самите муслимански верници тоа е поприфатливо, особено доколку се спореди со верниците од православна христијанска вероисповед.*

На прашањето ***колкаво влијание имаат верските лидери и заедници во политиката*** 55% од испитаниците изјавиле *големо* или *донекаде големо* што е во согласност, односно ги потврдува нивните перцепции на претходните прашања. Дека имаат *мало* или *воопшто немаат влијание* одговориле 36% од испитаниците од што може да се заклучи дека *повеќето граѓани сметаат дека верските лидери и заедници имаат одредено влијание во политиката.*




*Графикон 82*

На прашањето дали ***верските заедници во македонското општество прават повеќе добро отколку штета или обратно*** повеќето испитаници или 40% се определиле за првата опција, додека 25% сметаат дека верските заедници прават повеќе штета отколку корист. 22% од испитаниците сметаат дека тие немаат влијание во општеството. Во одговорите се забележува сериозна дискрепанца помеѓу православните каде соодносот меѓу двата одговора е скоро идентичен 33%-32% и муслиманите каде дури 61% сметаат дека верските заедници прават повеќе добро отолку штета (само 7% сметаат обратно). од ова произлегува дека *перцепцијата на повеќето граѓани е дека верските заедници имаат позитивна улога во општеството, што е особено видливо кај муслиманите, иако не е занемарлив бројот и на оние кои мислат дека тие прават повеќе штета отколку корист, при што процентот е релативно висок особено кај православните христијани.* Разликата меѓу православните и муслиманите е видлива и во следното прашање каде 64% од муслиманите ***сметаат дека верските заедници го зајакнуваат општествениот морал,*** што е случај со релативно пониски 42% од православните. Вкупно 47% од испитаниците сметаат дека верските заедници го зајакнуваат општествениот морал наспроти 19% кои сметаат дека тие го ослабуваат (23% кај православните и само 7% кај муслиманите). Последното прашање во ова истражување беше ***дали верските заедници најчесто ги зближуваат или раздвојуваат луѓето.*** Иако е повисок процентот на оние кои сметаат дека верските задници ги зближуваат луѓето 43%, сепак релативно висок е про-

центот и на оние кои сметаат дека тие ги раздвојуваат или 31%. Повторно во одговорите се јавува сериозна дискрепанца меѓу припадниците на двете најголеми конфесии во македонското општество, па така 41% од православните сметаат дека верските заедници ги зближуваат и скоро идентични 39% дека ги раздвојуваат луѓето, додека кај муслиманите овој соодност е 50% наспроти 8% во корист на првата опција.




*Графикон 83*

Може да се заклучи дека *кај православните христијани степенот на позитивна перцепција во однос на придонесот на верските заедници во зближување на луѓето е скоро идентичен со степенот на негативна перцепција, за разлика од муслиманите каде повеќето сметаат дека верските заедници повеќе ги зближуваат отколку што ги раздвојуваат луѓето.*

## Перцепции за МПЦ-ОА

Истражувањето насловено „**перцепции за МПЦ-ОА**-*довербата на верниците, релациите со државата, патот до автокефалност*"е спроведено во почетокот на ноември 2020. Истражувањето е направено помеѓу испитаници со православна вероисповест на национално ниво. Ова истражување имаше за цел да ја детектира перцепцијата помеѓу православните христијани во однос на процесот на добивање на автокефалноста на МПЦ-ОА.

Во воведниот дел од анкетата се поставија неколку стандардни прашања кои се однесуваат на општата перцепција на граѓаните за религијата. За таа цел беа поставени прашања во контекст на самата перцепција на религијата и почитувањето на православните обичаи помеѓу македонските граѓани.

Првото од воведните прашања во анкетата беше и т.н *филтер* прашање со оглед дека ова истражување беше стратификувано во однос на религијата, односно во него поради специфичноста на истражувањето беа вклучени само припадници од православна вероисповест. Токму затоа на прашањето *На која религија и припаѓате* сите испитаници се од православна вероисповест и нема припадници на други религии. На прашањето *на која од православните цркви и припаѓате* 99% се изјасниле „на МПЦ-ОА" додека 1% немале одговор.

На третото прашање *дали сте крстени во црква* високи 95% одговориле потврдно, што е и очекувано со оглед дека обредот на крштевање во црква е една од основните традиции помеѓу православните христијани, широко практикуван и за време на комунизмот во поранешна Југославија. Следното прашање од анкетата беше *Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на.* На ова прашање високи 47% од граѓаните кажале дека се религиозни и дополнителни 38% изјавиле дека се донекаде религиозни. Како малку или воопшто нерелигиозни се определиле 15% од испитаниците. **Ова ја потврдува претпоставката произлезена од претходните истражувања, дека Северна Македонија е генерално религиозна држава. Сепак, во однос на практикување на религијата, процентите се пониски, со што се потврдуваат резултатите од претходните истражувања спроведувани изминатите неколку години**. Имено, на прашањето *колку често одите во црква* 4% изјавиле *секој ден* и дополнителни 17% *секоја недела,* додека поголемиот дел од граѓаните ги посетуваат црквите поретко, односно 29% *еднаш до два пати месечно,* потоа 34% *неколку пати годишно* (за време на поголемите христијански празници), додека 10% изјавиле *еднаш годишно,* 3% *еднаш во неколку години* и 3% изјавиле дека не одат во црква.




*Графикон 83*

Може да се заклучи дека **мнозинството верници ги посетуваат православните храмови еднаш до двапати месечно или неколку пати годишно за време на големите празници како Божиќ или Велигден**.

На прашањето *дали постите* 24% изјавиле *да често, според црковните обичаи,* односно во согласност со верскиот календар и дополнителни 28% од испитаниците кажале дека *да, понекогаш* постат. 22% постат *многу ретко,* додека 26% *не постат воопшто.* На прашањето *дали се причестувате,* процентите се во согласност со одговорите на претходното прашање, со оглед дека за да се причестиш во црква претходно треба да постиш, па така 18% изјавиле дека често се причестуваат и дополнителни 23% дека се причестуваат понекогаш. 23’% изјавиле дека ретко се причестуваат, додека 36% дека не се причестуваат никогаш. На прашањето *дали имате домашна слава,* што е чест обичај кај македонските православни христијани, високи 70% одговориле потврдно.




*Графикон 84*

Иако, процентот од граѓаните кои често посетуваат цркви, постат или се причестуваат е понизок во однос на делот од граѓаните кои изјавиле дека се религиозни или делумно религиозни, сепак може да се заклучи дека **околу половина од православните христијани генерално ја практикуваат религијата, или барем нејзините основни начела како посета на верските храмови, постење и причестување.**

Во следниот дел на анкетата, се поставија прашања поврзани со довербата во МПЦ-ОА и нејзините владици. Високи 48% од православните верници изјавиле дека имаат целосно доверба и дополнителни 29% дека донекаде имаат *доверба во Македонската православна црква*. Целосно немаат доверба 9% и дополнителни 10% донекаде немаат доверба. На прашањето *дали имате доверба во Архиепископот на МПЦ-ОА г.г. Стефан* 41% одговориле потврдно и дополнителни 29% изјавиле дека имаат донекаде доверба. Во г.г. Стефан целосно немаат довеба 13% и дополнителни 11% рекле дека донекаде немаат доверба. На прашањето *кој од владиците на МПЦ-ОА најмногу го почитувате* испитаниците требаше да се изјаснат без притоа да им бидат прочитани имињата на Владиците и имаа право на два одговора. За г. Тимотеј се изјасниле 14%, за г. Петар 10%, за г. Агатангел 13%, за г. Пимен 9%, за г. Партениј 11%, за г.  Јосиф 6%, за г. Наум 7% итн. Од верниците. На прашањето *дали сметате дека МПЦ-ОА е доследна на православната вера во нејзините учења и проповеди* високи 77% се согласуваат и само 8% од испитаниците не се согласуваат со ова тврдење. Од одговорите на претходните неколку

прашања може да се донесе заклучок дека **припадниците на православната вероисповест имаат доверба како во МПЦ-ОА, така и во нејзиниот поглавар и владиците. Тие исто така сметаат дека МПЦ-ОА е доследна на православната вера, на нејзините учења и проповеди.**




*Графикон 85*

Следните прашања во анкетата се однесуваа на проблемот околу добивање автокефалност на МПЦ-ОА и напорите да се реши тоа прашање. Во однос на главната причина за непризнавањето на МПЦ-ОА од страна на останатите православни цркви, **граѓаните сметаат дека политиката, а не црковните правила се главна пречка за признавањето на МПЦ**. **Според нив, МПЦ треба да биде прифатена од останатите цркви како рамноправна, односно да добие автокефалност и дека таа треба продолжи да бара да биде признаена од останатите православни цркви и понатаму.** Имено, само 6% од испитаниците сметаат дека причината за непризнавање е канонска, додека високи 63% дека таа е политичка, 33% од нив сметаат дека тоа е поради противењето на СПЦ, додека 30% поради самото име на црквата. На прашањето *дали сметате дека МПЦ-ОА треба да биде прифатена од останатите православни цркви* високи 96% од испитаниците се согласуваат и исто така слични 88% сметаат дека МПЦ треба да продолжи да бара признавање во православниот свет и понатаму. Високи 74% на прашањето *какво признавање треба да бара МПЦ,* одговориле *автокефалност* додека само 10% сметаат дека и *автономија* е доволно.

На прашањето *која од следните цркви има пријателски однос кон МПЦ-ОА*, одговорите беа следни, за *вселенската патријаршија* позитивно се изјасниле, односно сметаат дека има пријателски однос кон МПЦ-ОА 42% од испитани-

ците, за *руската православна црква* 54%, за *српската* тоа го сметаат 29%, за *бугарската* 22%, а за *грчката православна црква* 20% сметаат дека има пријателски однос кон МПЦ-ОА. За *албанската* и *романската* црква истото го изјавиле 31% од граѓаните. Интересно е што од одговорите може да се заклучи дека, **освен што е највисок процентот на испитаници кои сметаат дека прво руската црква, а потоа и вселенската патријаршија имаат пријателски однос кон МПЦ, повисок е процентот на испитаници кои рекле дека српската црква има пријателски однос, отколку што е тоа случајот со грчката или бугарската црква, иако спорот на МПЦ е пред се со СПЦ. Сепак, овие одговори се компатибилни со одговорите на прашањето која е главна причина за непризнавање на МПЦ, каде покрај тоа што мнозинството се согласува дека таа е политичка, скоро е еднаков процентот на граѓани кои сметаат дека тоа е поради името на црквата, со оние кои како главна причина го наведуваат противењето на СПЦ.**

Следното прашање се однесуваше токму на една од можните причини поради кои МПЦ-ОА е сеуште непризната од другите православни цркви, а тоа е нејзиното име. Отпор кон името Македонска православна црква имаат особено Грчката црква (поради спорот за името) и донекаде и другите цркви каде има грчки владици. Затоа на испитаниците им беше поставено прашањето *дали би поддржале признавање на автокефална црква под древното име Охридска архиепископија, наместо МПЦ-ОА?* Од одговорите може да се заклучи дека над половина од испитаниците би се согласиле со оваа опција (55%), додека 30% се против.




*Графикон 86*

Од резултатите произлегува дека **за разлика од името на државата каде големо мнозинство граѓани беа и сеуште се против промена на името** (околу ова можат да се консултираат повеќе објавени анкети на ИПИС и други агенции во последните десетина години), **повеќе од половина православни верници би прифатиле признавање на МПЦ под името Охридска архиепископија, како древно име на македонската црква.**

На прашањето околу можноста за скоро признавање на МПЦ-ОА граѓаните се поделени во своите очекувања, односно 32% сметаат дека *вселенската патријаршија ќе издаде томос за автокефална црква во скоро време,* 33% не веруваат во тоа и 35% се изјасниле дека не знаат или немаат одговор. Може да се заклучи дека **во моментов нема преовладувачко мнение околу очекувањата за скоро признавање на МПЦ-ОА, односно една третина се оптимисти, една третина песимисти и една третина од граѓаните не можат да се одлучат за едната или другата опција.**

За разлика од релативно позитивниот пристап на испитаниците околу можноста МПЦ-ОА да биде признаена под името Охридска архиепископија, **големо мнозинство од граѓаните се против признавање на МПЦ-ОА доколку предуслов за тоа е обединување на МПЦ и црквата на Јован Вранишковски.** Имено, на прашањето *доколку вселенската патријаршија побара обединување на ПОА (црквата на Јован Вранишковски) и МПЦ за издавање наа томос за автокефалност, дали би се согласиле,* 54% од испитаниците изјавиле дека не би се согласиле, додека само 18% одговориле потврдно.




*Графикон 87*

Со оглед дека признавањето на автокефалниот статус на МПЦ-ОА е прашање и од национален интерес, односно станува збор за црква чии верници се најголемиот дел од граѓаните во земјава, на испитаниците им беше поставено прашањето, *дали сметате дека државата треба да помогне во решавањето на црковното прашање или државата не треба да се меша.* Повеќе од половина од испитаниците одговориле потврдно, односно **53% сметаат дека државата треба да помогне во решавање на меѓуцрковното прашање, додека 36% се против**. Во овој контекст на испитаниците им беа поставени и следните неколку прашања, односно *како го оценувате потегот на претседателот Пендаровски и Премиерот Заев да испратат писма до Вселенскиот патријарх со кое бараат решавање на македонското црковно прашање.* 39% од испитаниците оговориле *позитивно и* дополнителни *28% донекаде позитивно,* додека негативно и донекаде негативно се изјасниле 11%, односно 5% од испитаниците, следствено. **Иако повеќето испитаници го гледаат праќањето на писма до вселенскиот патријарх од страна на највисоките претставници на извршната власт како позитивно, сепак поголем дел од граѓаните сметаат дека овие писма немаат некое влијание со кое би го помогнале процесот за добивање на автокефалност на МПЦ.** Имено, на прашањето *дали сметате дека овие писма имаат некакво влијание и можат да помогнат во решавање на спорот,* 42% одговориле со *не,* а 35% од граѓаните сметаат дека писмата сепак имаат некое влијание. Во сличен контекст со претходните беше поставено и следното прашање, односно *дали признавањето на автокефалноста на МПЦ-ОА е прашање од национален интерес или е црковно прашање,* на кое **повеќето испитаници, одосно високи 60% сметаат дека *автокефалноста на МПЦ-ОА е прашање од национален интерес,* додека *26%* мислат дека *ова е само црковно прашање*.**




*Графикон 88*

Последните две прашања од анкетата се однесуваа на перцепцијата на граѓаните околу проактивноста на политичарите и владиците на МПЦ-ОА во однос на решавање на црковниот проблем. На прашањето *дали сметате дека владиците на МПЦ-ОА во изминатиот период се доволно проактивни во лобирањето за добивање на автокефалност на МПЦ-ОА,* 42% од испитаниците одговориле потврдно, додека 31% сметаат дека владиците не се доволно проактивни. На истото прашање, но поставено за политичарите, 26% од испитаниците сметаат дека тие се доволно проактивни, додека 52% дека не се. Може да се заклучи дека **поголем дел од испитаниците сметаат дека владиците на МПЦ-ОА се проактивни во лобирање за признавање на автокефалноста на МПЦ, додека за политичарите го сметаат обратното, односно дека не се ангажираат во овој процес на едно задоволително ниво и не лобираат доволно за признавање на МПЦ-ОА.**

## Заклучни согледувања од истражувањата

Од претходните истражувања и анализи произлегоа повеќе интересни заклучоци кои на некој начин можат да ги дефинираат перцепциите на граѓаните во повеќе клучни општествени сегменти преку призмата на религиозните убедувања, како и влијанието на религијата врз секојдневниот живот на поединците, но и врз перцепциите и однесувањето на граѓаните кон одредени општествени процеси и степенот на влијание на религијата врз нивните одлуки. Истотака, преку овие истражувања, особено преку последното, може да се направи и компарација меѓу перцепциите за религијата и религиозноста со самите познавања на основните религиски толкувања и учења и на тој начин да се направи компарација помеѓу претпоставениот или перцепиран степен на религиозност со реалните познавања и практикување на религиите. Овие заклучни согледувања за секој сегмент кој беше опфатен со спроведените истражувања се претставени во текстот подолу.

## Религиски,морални и етички вредности кај младите

Во истражувањето посветено на младите се потврдува констатацијата која важи за генералната популација, односно и младите се во најголем дел религиозни и тоа важи како за христијаните, така и за верниците кои се припадници на исламската религија. Значаен дел од младите кои припаѓаат на двете главни религиозни деноинации релативно често ги посетуваат верските храмови како еден од сегментите на практикување на религијата.

Кај младите може да се забележи дека тие почитуваат одредени морални критериуми кои се дел од религиските нормативи, но сепак во одредени случаи свое влијание имаат и современите општествени текови кои понекогаш делумно или целосно се косат со одредени традиции или религиозни начела. Помеѓу 20-30% од младите биле вклучени во некоја волонтерска активност од понудените опции, при што повеќето биле вклучени во барем две различни волонтерски акции. Иако степеност на вклученост на младите во волонтерски активности  не е занемарлив, сепак останува фактот дека над половината од нив воопшто не се вклучиле во никаква волонтерска општествено корисна активност досега.

Со оглед дека македонското општество е релативно традиционално и со висок степен на прифаќање на религијата, основната хипотеза која се наметна во однос на перцепциите за бракот и која воедно се потврди во одговорите е дека бракот има силно изразена поддршка помеѓу младите како основа за иден заеднички живот и создавање семејство. Во однос на причините кои според испитаниците би можеле да бидат оправдани за ставање на крај на брачната заедница највисок степен на одобрување имаат физичкото или психичкото насилство, додека најмал одредена болест, физичка попреченост на партнерот или неможност да се создаде потомство со што се потврдува концептот за запазување на традиционалните општествени, но и религиски норми според кои брачната заедница освен за заеднички живот и потомство, треба да биде и основа за меѓусебна помош и доверба помеѓу партнерите.

Во одговорите на прашањата поврзани со некои основни морални и етички норми кај младите, кои воедно се застапени и силно поддржани и од религиските учења, се дава силна потврда за конзервативноста на македонското општество и придржување до одредени традиции кои креираат сложен морален кодекс на однесување кој од постарите се пренесува и кон помладите. Тоа се потврдува и во однос на ригидноста на ставовите во однос на прељубата или почитта кон постарите лица, но и кон посветеноста на одржување на семејните врски и делумно кон ставот на религиозните заедници кои се изричито против абортус во случај на непланирана бременост.

Се наметнува претпоставка дека силните семејни врски, традицијата и меѓусебната поврзаност со општественото ткиво вообичаено би прејудицирале посилна желба да се остане дел од ова општество. Сепак и покрај воспоставените традиционални норми, голем дел од младите сака да ја напушти државата. Ова се должи во најголем случај на наизвесноста кон решавање на егзистенцијалните прашања, односно големата финансиска несигурност во

општеството. Во однос на вклученоста на верските заедници во социјалната сфера, младите исклучително силно би поддржале ангажман на верските заедници од социјален аспект и тоа во области како грижа за сиромашни, зависници, раселени лица, лица со попреченост, брачно и семејно советување. Поддршката е најмала во однос на советување за ЛГБТ лица, иако и во овој случај процентот на одобрување на ваква активност е повисок од оној кој е против верските институции да организираат ваков тип социјална дејност.

## Верските права и слободи и европските перспективи

Генерално, поддршката за влез на Северна Македонија во ЕУ е стабилна и константна со мали осцилации во текот на изминатите две децении. Таа е висока кај припадниците на сите религиски деноминации во државата, вклучително двете најголеми. Иако сеуште е присутен оптимизмот дека Северна Македонија ќе биде дел од Европската унија, тоа е сепак поизразено кај муслиманите отколку кај граѓаните со православна вероисповест. Дополнително, испитаниците имаат солидни познавања во однос на религиозната афилијација во Европската Унија.

Кај повеќето испитаници е присутна перцепцијата дека различните религиозни групи во земјите членки на ЕУ целосно или донекаде имаат еднакви права, односно дека нема дискриминација на различните вероисповести. Доста позитивен е фактот дека македонските граѓани сметаат дека почитувањето на верските права и слободи во Северна Македонија се на еднакво или дури и повисоко рамниште споредено со земјите членки на ЕУ. Очекувано, за мнозинството испитаници влезот во Европската Унија нема да има влијание врз практикувањето на верата, како и врз односот помеѓу религијата и општеството, но и врз влијанието на религијата во општеството и влијанието кое го имаат двете најголеми религиозни заедници.

Финален заклучок од ова истражување е  дека за прашања поврзани со религијата, но кои се повеќе од административно-политички карактер, влезот во ЕУ ќе има влијание, додека за прашања поврзани со односот на религијата и општеството како и за оние кои значат практикување на верата, граѓаните сметаат дека нема да има промени.

## Религија и пандемијата на коронавирус

Од одговорите на воведните прашања, може да се заклучи дека верниците генерално ги почитуваат препораките да избегнуваат посета на верските објекти додека трае пандемијата на вирусот ковид 19. Сепак, иако препораките за избегнување на поголеми собири и социјална дистанца генерално се почитуваат, на почетокот на кризата, дел од граѓаните или биле неинформирани или недоволно сериозно ја сфатиле кризата со пандемијата.
Во анкетата која беше спроведена на почетокот на кризата (Април 2020) 20% од верниците сметаат дека нема опасност од зараза доколку посетат некој верски објект, но очигледно поголемиот дел и од тие 20% сепак не го прават тоа. Во оваа насока може да се претпостави позитивното влијание на препораките на МПЦ и ИВЗ по почетокот на кризата, кои апелираа верниците да останат дома и да се воздржат од посетата на црквите и џамиите.

Кај поголем дел од граѓаните кои имаат став во однос на потеклото на вирусот (околу третина од испитаниците одговориле со не знам) се забележува дека нивната перцепција е дека е тој лабораториски произведен.

Во однос на влијанието на корона вирусот врз религијата, се забележува дека тој нема да има негативно влијание врз вербата во Бог и напротив вербата може само да се зајакне како последица на пандемијата. Поголемиот дел од граѓаните сметаат дека пандемијата ќе има позитивен ефект врз приближувањето на луѓето еден кон друг, како и врз взаемната помош и поддршка која може меѓусебно да си ја понудат.

Кај повеќето испитаници се забележува перцепцијата дека ќе има позитивна промена на човековиот однос кон природата по завршување на пандемијата со коронавирусот.

Релативно висок процент на граѓаните и покрај тоа што ја сфаќаат сериозноста на ситуацијата со корона вирусот, како и покрај поддршката на преземените мерки од државата и почитување на препораките за заштита, сепак сметаат дека постои одредена до голема веројатност да бидат заразени со ковид-19, што се покажа како точно со оглед на високата бројка на заразени во текот на 2020 и почетокот на 2021 година.

Се забележува дека приближно е еднаков бројот на граѓани кои сметаат дека осветувањето на улиците може да помогне против корона вирусот, во однос на оние кои сметаат дека од тоа нема да има никаква корист. Верските заед-

ници треба да размислат за онлајн или телевизиски пренос на богослужбите за времетраење на коронавирусот.  Испитаниците сметаат дека мерките на државата за ограничување на движењето како превенција од корона вирусот не го загрозуваат правото на вероисповест. Преференците на повеќето граѓани во однос на психолошка помош или морална поддршка се повеќе насочени кон психолозите отколку кај нивниот свештеник.

Со оглед на опасноста од ширење на вирусот,најголемиот дел од испитаниците одговориле дека верските празници треба да се прославaт во домашни услови. Повеќето граѓани се задоволни од односот на верските заедници за време на кризата.

Генерално, верниците очекуваат од своите верски заедници да заземат проактивна улога во општеството за време на справување со кризата поради пандемијата на коронавирус, како во однос на степенот на активност, така и во однос на организирање на хуманитарни и останати акции за помош на населението, како и поголема присутност во медиумите со совети и поддршка за верниците.  Повеќето испитаници се согласуваат дека треба да се одложат, додека само 16% од анкетираните сметаат дека венчавките, крштевките и слични настани сепак треба да се одржат и во време на закана од коронавирусот.

## Употреба на Религијата во политички кампањи -компаративна анализа

Со оглед дека на релативно високиот процент на испитаници кои сметаат дека религијата е употребена во кампањата за време на последните парламентарни избори во 2020 година, се наметнува претпоставката дека политичките партии сеуште сметаат дека може да привлечат гласови апелирајќи на религиозните чувства на граѓаните, иако споредено со изборите во 2017 се забележува одредено намалување во перцепцијата на граѓаните околу користење на религија во политичките кампањи.

Сепак, само кај релативно мал дел од граѓаните користењето на религијата во кампањата имало влијание во нивниот избор за кого би гласале. Валиден е заклучокот произлезен од истражувањето по локалните избори 2017 дека политичките партии во своите кампањи користат инструменти кои се надвор од политичката сфера, во овој случај религијата, иако политичката корист од ова е релативно мала. Со оглед дека за партиите секој глас е важен  очиглед-

но е дека тие сеуште прибегнуваат (а најверојатно ќе продолжат и понатаму) кон дополнителни мерки за поврзување на партијата со нови потенцијални гласачи, особено кога се забележува тренд на намалување на излезноста во последните неколку изборни циклуси.

Од одговорите на прашањата се забележува перепцијата дека етничките албански партии сеуште донекаде повеќе ја користат религијата во предизборните кампањи, за разлика од останатите политички партии.

Во анкетата се детектира одредено намалување (барем според перцепцијата на граѓаните) во користењето на религијата во политичките кампањи и тоа кај сите партии генерално. Сепак, дали е ова тренд или инцидентна појава заради условите во кои се одржаа овие избори како последица од коронавирусот, ќе покажат истражувањата по некои следни избори. Граѓаните се против користењето на религија и религиозни симболи во политичка кампања.

Генерална перцепција за сите партии е дека ја поддржуваат религијата иако за Левица која има средна оцена од 2,62 и донекаде СДСМ со средна оцена од 2,42 може да се заклучи дека се повеќе перцепирани како партии кои имаат повеќе неутрален однос кон религијата. Околу половина од испитаниците ги перцепираат сите лидери на парламентарните партии (со исклучок на Димитар Апасиев) како многу или донекаде религиозни.

Се забележува дека повеќе од половината македонски граѓани не би гласале за политичар со различна вероисповед од нивната без разлика на неговите политички ставови или партиска програма. Сепак, за голем број граѓани, конфесијата кон која припаѓаат одредени политичари сеуште има одлучувачка улога во поддршката кон одредена политичка опција која тие ја претставуваат, како клучен предуслов (или исклучувачки фактор) за тие воопшто да размислат дали ќе гласаат за нив, без разлика на нивната политичка ориентација, преференци и дали тие воопшто ја истакнуваат религијата во своите политички портфолија. Ова се јавува најверојатно како контра-ефект од користењето на религијата во политичките кампањи со цел да се придобијат нови гласачи, каде партиите ја истакнуваат вероисповеста како важен сегмент од нивниот политички идентитет, но во исто време како последица на тоа, одбиваат гласачи со можеби слични политички ставови, но различна конфесија кои поради вклучувањето на религиозната припадност во политичката матрица на партиите не може да се идентификуваат со одреден политички ентитет.

Одреден импакт врз ставовите на граѓаните кои во мнозинство сметаат дека религијата има влијание во политичките процеси (освен користењето на религијата во креирање на политичката идентитетска матрица), имаат и употребата на верските симболи во испраќање на политички пораки, како и вклученоста на верските заедници во одредени политички процеси.

Постои релативно голема дискрепанца меѓу православните и муслиманските испитаници и тренд кој кај православните значи намалување на перцепцијата на одобрување на праќање политички пораки од страна на верските лидери, додека кај муслиманите овој тренд е обратен и со тоа го зголемува јазот во перцепциите по однос на ова прашање. Дополнително, се потврдува заклучокот од анкетата во 2017 година дека политиката е повеќе присутна кај муслиманските верски лидери, отколку кај православните, но и од аспект на самите муслимански верници тоа е поприфатливо, особено доколку се спореди со верниците од православна христијанска вероисповед.

За повеќето граѓани верските заедници имаат позитивна улога во општеството, што е особено видливо кај муслиманите, иако не е занемарлив бројот и на оние кои мислат дека тие прават повеќе штета отколку корист, при што процентот е релативно висок особено кај православните христијани. Кај православните христијани степенот на позитивна перцепција во однос на придонесот на верските заедници во зближување на луѓето е скоро идентичен со степенот на негативна перцепција, за разлика од муслиманите каде повеќето сметаат дека верските заедници повеќе ги зближуваат отколку што ги раздвојуваат луѓето.

## Перцепции за МПЦ-ОА

Од добиените резултати на анкетата спроведена помеѓу православните верници на национално ниво, произлегуваат неколку заклучоци, како во однос на практикување на религијата, така и во однос на перцепциите на граѓаните околу процесот за добивање на автокефалност на МПЦ-ОА, односно предизвиците и можните решенија со кој евентуално би се заокружил овој процес, што беше и основна цел на ова истражување.

Од одговорите на воведните прашања, може да се заклучи дека мнозинството верници ги посетуваат православните храмови еднаш до двапати месечно или неколку пати годишно за време на големите празници како Божиќ или Велигден. Околу половина од православните христијани генерално ја

практикуваат религијата, или барем нејзините основни начела како посета на верските храмови, постење и причестување.

Припадниците на православната вероисповест имаат доверба како во МПЦ-ОА, така и во нејзиниот поглавар и владиците. Тие исто така сметаат дека МПЦ-ОА е доследна на православната вера, на нејзините учења и проповеди. Дополнително, граѓаните сметаат дека политиката, а не црковните правила се главна пречка за признавањето на МПЦ. Според нив, МПЦ треба да биде прифатена од останатите цркви како рамноправна, односно да добие автокефалност и дека таа треба продолжи да бара да биде признаена од останатите православни цркви и понатаму.

Во однос на перцепцијата за останатите православни цркви, освен што е највисок процентот на испитаници кои сметаат дека прво руската црква, а потоа и вселенската патријаршија имаат пријателски однос кон МПЦ, повисок е процентот на испитаници кои рекле дека српската црква има пријателски однос, отколку што е тоа случајот со грчката или бугарската црква, иако спорот на МПЦ е пред се со СПЦ. Доколку се споредат со одговорите од претходните прашања, може да се увиди дека овие перцепции се компатибилни со одговорите на прашањето која е главна причина за непризнавање на МПЦ, каде покрај тоа што мнозинството се согласува дека таа е политичка, скоро е еднаков процентот на граѓани кои сметаат дека тоа е поради името на црквата, со оние кои како главна причина го наведуваат противењето на СПЦ.

Интересно е дека за разлика од името на државата каде големо мнозинство граѓани беа и сеуште се против промена на името, повеќе од половина православни верници би прифатиле признавање на МПЦ под името Охридска архиепископија, како древно име на македонската црква. Може да се заклучи дека во моментов нема преовладувачко мнение околу очекувањата за скоро признавање на МПЦ-ОА, односно една третина се оптимисти, една третина песимисти и една третина од граѓаните не можат да се одлучат за едната или другата опција.

Во однос на односите меѓу МПЦ-ОА и ПОА, големо мнозинство од граѓаните се против признавање на МПЦ-ОА доколку предуслов за тоа е обединување на МПЦ и црквата на Јован Вранишковски.

Околу интеракцијата на државата и црквата во однос на решавање на проблемот со добивање на автокефалност на МПЦ, повеќе од половина од испитаниците сметаат дека државата треба да помогне во решавање на меѓуцрковното прашање, додека 36% се против. Дополнително, мнозинството

испитаници, (60%) сметаат дека автокефалноста на МПЦ-ОА е прашање од национален интерес, додека 26% мислат дека ова е само црковно прашање.

Иако повеќето испитаници го гледаат праќањето на писма до вселенскиот патријарх од страна на највисоките претставници на извршната власт како позитивно, сепак поголем дел од граѓаните сметаат дека овие писма немаат некое влијание со кое би го помогнале процесот за добивање на автокефалност на МПЦ. Во однос на ангажманот на црквата и државата околу решавање на црковното прашање, поголем дел од испитаниците сметаат дека владиците на МПЦ-ОА се проактивни во лобирање за признавање на автокефалноста на МПЦ, додека за политичарите го сметаат обратното, односно дека не се ангажираат во овој процес на едно задоволително ниво и не лобираат доволно за добивање на автокефалност на МПЦ-ОА.

## ЗАКЛУЧОК

Генерален заклучок од податоците добиени од претходните пет истражувања, спроведени во период од две години е дека според перцепциите на граѓаните и нивното поимање за религијата, Северна Македонија е изразито религиозна држава каде најголем дел од населението за себеси смета дека е религиозно и дополнително поголем дел од нив изјавуваат дека се суеверни. Сепак, постои дискрепанца помеѓу перцепциите и реалното познавање на светите книги и практикување на религијата, разлика која е позабележителна кај православните, отколку кај припадниците на исламската вероисповест.

Генерално, младите делат слични погледи со останатите во однос на религијата и иако одредени примери од други држави велат поинаку, кај нас религиозноста на младите не се разликува во голем степен од таа на генералната популација. Сепак, во многу општествени аспекти младите се далеку попрогресивни (и подготвени да заземат проактивен однос за многу социјални прашања), отколку постарите македонски граѓани, како што впрочем беше и очекувано.

Во однос на европските интеграции, генералната перцепција е дека тие нема да го променат односот на граѓаните кон религијата, како и дека нема да влијаат врз поставеноста на религиозните заедници и нивното влијание во македонското општество. Дополнително, степенот на верски слободи и меѓуконфесионална толеранција, според граѓаните е еднаква и дури повисо-

ка отколку во повеќе земји членки на Унијата.
Во однос на коронавирусот, (анкетата беше спроведена на почетокот од пандемијата), се забележува дека кај повеќето граѓани постои подготвеност за почитување на мерките против ширење на заразата и по цена на одредени компромиси поврзани со рестрикции кај религиозните обичаи, посетата на верските храмови, како и празнувањето на главните религиозни празници или склучувањето бракови.

Поддршката на МПЦ-ОА од страна на православните верници е јасна и недвосмислена. За македонските граѓани не постои алтернатива за МПЦ, ниту конкуренција од страна на некои други православни заедници. Македонските православни верници се целосно лојални на МПЦ-ОА и ги поддржуваат сите напори за изнаоѓање на разумно решение во спорот со СПЦ, но решение кое нема да ги поткопа влијанието и угледот на МПЦ и ќе овозможи добивање на автокефален статус на македонската црква, со што само ќе се потврди фактичката состојба која е неспорна за верниците.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

316.323.6:2-022.218(497.7)(047.31)

БОЖИНОВСКИ, Владимир
Религијата во мултиконфесионални општества : вредности и убедувања / автори Владимир Божиновски, Марјан Николовски. - Скопје : Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија, 2021. - 87 стр. : граф. прикази ; 24 см

Вовед / Марјан Николовски: стр.10-25

ISBN 978-608-4648-62-8

1. Николовски, Марјан [автор]
а) Македонија -- Мултиконфесионално општество -- Истражувања

COBISS.MK-ID 53652485